

Министерство за финансии

Биро за јавни набавки

# 2017

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# Биро за јавни набавки

bjn.gov.mk

e-nabavki.gov.mk

ЈУНИ 2018 година

Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Бирото за јавни набавки потребно е да се цитира изворот.

ИЗВЕШТАЈ
за активностите на Бирото за јавни набавки
во функционирањето на системот на јавните набавки за 2017 година

Република Македонија
Министерство за финансии
Биро за јавни набавки

# И З В Е Ш Т А Ј

## за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки за 2017 година

Скопје, јуни 2018 година

# Содржина


1. Правна рамка од областа на јавните набавки во Република Македонија ____ 5
   - 1.1. Закон за јавните набавки ____ 5
   - 1.2. Подзаконски акти ____ 6
2. Биро за јавни набавки ____ 8
   - 2.1. Надлежности ____ 8
   - 2.2. Изготвени мислења ____ 9
   - 2.3. Модели на тендерски документации и прирачници ____ 13
   - 2.4. Негативни референци ____ 14
3. Едукација за јавни набавки ____ 16
   - 3.1. Податоци од спроведените обуки во 2017 година ____ 16
4. Податоци добиени од други институции ____ 23
   - 4.1. Државна комисија за жалби по јавни набавки ____ 23
   - 4.2. Управен суд на Република Македонија ____ 26
   - 4.3. Виш Управен суд ____ 28
   - 4.4. Државен завод за ревизија ____ 29
   - 4.5. Државна комисија за спречување на корупцијата ____ 30
   - 4.6. Комисијата за заштита на конкуренцијата ____ 31
5. Соработка со други институции ____ 33
   - 5.1. Соработка со институции во Република Македонија ____ 33
   - 5.2. Соработка со меѓународни институции поврзани со јавни набавки и меѓународна соработка при ЕУ интеграција ____ 35
6. Користење на Електронскиот систем за јавни набавки ____ 38
7. Анализа на пазарот за јавни набавки во 2017 година ____ 47
   - 7.3. Податоци од огласите за доделување на договори за јавни набавки ____ 50
   - 7.4. Склучени договори за јавни набавки ____ 59
     - 7.4.1. Податоци за склучените договори според видот на договорот за јавна набавка _ 62
     - 7.4.2. Податоци за склучените договори според категорија на договорен орган ____ 63
     - 7.4.3. Податоци за склучените договори за јавни набавки според останати параметри ____ 66
     - 7.4.4. Учество на економските оператори на постапките за доделување на договори за јавни набавки ____ 86
   - 7.5. Податоци од известувањата за поништување на постапките ____ 91
     - 7.5.1. Податоци од обрасците за изменување и дополнување на огласот ____ 94
   - 7.6. Електронски постапки ____ 94
   - 7.7. Електронски аукции ____ 103
     - 7.7.1. Ефекти од спроведувањето на електронските аукции и електронските јавни набавки ____ 105
   - 7.8. Конкуренција кај јавните набавки ____ 112

8. Анализа на ефектите од е-Набавките и е-Аукциите ____ 115
8.1. Задолжителни е-набавки - очекувани и остварени ефекти ____ 115
8.2. Анализа на ефектите од спроведувањето на електронските аукции ____ 117
9. Предлози за унапредување на системот на јавните набавки ____ 119

# 1. Правна рамка од областа на јавните набавки во Република Македонија

## 1.1. Закон за јавните набавки

Законот за јавните набавки и во текот на 2017 година, беше изменет а измената беше објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 165/2017. Со оваа измена се укина Советот за јавните набавки кој од 1 мај 2014 година, започна да работи на барањата за добивање согласност.

*Во текот на 2017 година, Законот за јавните набавки беше еднаш изменет и дополнет*

При подготовката на Законот за изменување на Законот за јавните набавки се имаа предвид извршените анализи на Државниот завод за ревизија и СИГМА за ефектите од постоење на Советот за јавни набавки. Во нив беа констатирани бројни негативни ефекти врз ефикасноста и економичноста на системот на јавните набавки, најчесто со пролонгирање на подготовката и зголемување на трошоците во постапките за јавна набавка (поради плаќање на надоместоци во процесот на добивање согласност), како и со субјективност во одлучувањето. Советот не успеа да ги оствари првичните цели поради кои беше воспоставен, односно неговите одлуки не доведоа до значително зголемување на конкуренцијата во постапките бидејќи нема значително зголемување на просечниот број на поднесени понуди. Воедно, договорните органи сѐ почесто во тендерските документации не поставуваа речиси никакви услови за утврдување на способност на економските оператори, со цел да ја избегнат обврската за барање на согласност од Советот. На овој начин, договорните органи преку спроведените набавки добиваа стоки со послаб квалитет поради што се соочуваа со проблеми во редовното работење и дополнителни трошоци за одржување, а воедно економските оператори чии стоки и услуги се со меѓународно признат квалитет се ставаа во неповолна позиција, односно се

уништува реалната конкуренција на квалитетни производи и решенија. На тој начин се загрозува остварувањето на начелото на рационално и ефикасно искористување на јавните средства, односно остварувањето на „најдобра вредност за парите".

*Бирото за јавни набавки кон крајот на 2017 година, врз основа на сеопфатната гап анализа на системот на јавните набавки изготвена од страна на СИГМА, пристапи кон спроведување на подготвителни активности за изработка на нов Закон за јавни набавки во кој ќе биде транспонирани новиот пакет на директиви за јавни набавки на ЕУ*

Целта на оваа измена на Законот за јавните набавки е да се отстранат непотребните бирократски процедури што доведуваа до намалување на ефикасноста и економичноста на постапките за доделување на договори за јавни набвки и го загрозуваа остварувањето на начелото на рационално и ефикасно искористување на јавните средства. Исто така, се надмина непотребното преклопување на одредени надлежности на Советот за јавни набавки со други органи и тела кои имаат исти или слични надлежности во оваа област.

Бирото за јавни набавки кон крајот на 2017 година, врз основа на сеопфатната гап анализа на системот на јавните набавки изготвена од страна на СИГМА, пристапи кон спроведување на подготвителни активности за изработка на нов Закон за јавни набавки во кој ќе биде транспонирани новиот пакет на директиви за јавни набавки на ЕУ.

## 1.2. Подзаконски акти

Подзаконските акти како дел од правната рамка со која се регулираат постапките за доделување на договори за јавни набавки, односно како инструменти кои ја олеснуваат имплементацијата на Законот за јавните набавки, се донесени во предвидените рокови и континуирано се унапредуваат, а воедно и се усогласуваат со евентуалните измени и дополнувања на законот.

*Во текот на 2017 година, беше донесен и Правилник за престанување на важењето на Правилникот за формата и содржината на стандардните*

Во текот на 2017 година, по стапување на сила на Законот за изменување на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 165/2017), беше донесен и Правилник за престанување на важењето на Правилникот за формата и

содржината на стандардните технички спецификации и начинот на нивно користење од страна на договорните органи.

# 2.Биро за јавни набавки

## 2.1. Надлежности

Бирото за јавни набавки се грижи за правилно функционирање на системот на јавни набавки, а преку своите бројни надлежности постојано настојува да го унапреди и модернизира истиот со цел зголемување на неговата ефикасност и функционалност.

*Со цел успешно остварување на своите надлежности, Бирото од моментот на своето формирање воспостави добра комуникација како со јавниот, така и со приватниот сектор и истата постојано ја унапредува.*

Со цел успешно остварување на своите надлежности, Бирото од моментот на своето формирање воспостави добра комуникација како со јавниот, така и со приватниот сектор и истата постојано ја унапредува. Имено, Бирото континуирано ја зголемува транспарентноста преку промовирање нови средства за комуникација кои на сите заинтересирани субјекти им ја зголемуваат пристапност до информациите со кои истото располага.

Кон крајот на 2012 година, Секретаријатот за издавање сертификати од претпријатието TÜV SÜD Management Service GmbH на Бирото му додели Сертификат за систем за управување со квалитет ИСО 9001:2008 со што се потврдува квалитетната организација на работните процеси и современото работење на Бирото. Во текот на 2013, како и во текот на 2014 година, Секретаријатот изврши контрола и проверка на работењето на Бирото, по што достави извештај кој докажува дека Бирото во континуитет квалитетно и современо ги организира работните процеси и работењето.

Во текот на 2015 година, по спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка, како и по спроведувањето на потребните процедури, Сертификационото тело МКД СЕРТИФИКАТ АМ ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје на Бирото за јавни набавки му додели Сертификат на системот за менаџмент со квалитет согласно со барањата на стандардот МКС EN ISO 9001:2009, со што се потврди дека Бирото има имплементиран систем за менаџмент со квалитет во опсегот на Развој на системот

за јавни набавки и следење на неговото спроведување. Сертификатот е со важност до септември 2018 година.

Во март 2017 година, Бирото изготви Стратегија за управување со ризици која ги дефинира целите и придобивките од управувањето со ризиците, одговорностите за управувањето со ризиците и дава преглед на рамката која ќе се воспостави, со што успешно ќе се управува со ризиците. Намената на оваа стратегија е подобрување на способноста за остварување на стратешките цели на Бирото преку управување со заканите и можностите и создавање околина која придонесува кон поголем квалитет, ефикасност и резултати во сите активности и на сите нивоа.

## 2.2. Изготвени мислења

Една од најзначајните надлежности на Бирото за јавни набавки е давањето на мислења во врска со одредбите и примената на Законот за јавните набавки, со што се овозможува договорните органи и економските оператори кои учествуваат во постапките за доделување на договор за јавна набавка да ги разрешат дилемите кои ги имаат при спроведување на истите.

Бирото, оваа советодавна функција ја остварува на неколку начини: со давање на мислење на дописите кои договорните органи и економските оператори ги доставуваат преку пошта, одговарање на прашања поставени преку контакт формата на веб страницата на Бирото и на ЕСЈН, како и преку одговарање на прашања поставени преку телефонскиот центар за корисничка поддршка.

*Бирото и во текот на 2017 година продолжи со организирање на Ден на отворени врати како настан преку кој економските оператори и договорните органи можат да дадат мислење по законот и начинот на кој истиот се спроведува во пракса.*

Во 2013 година, Бирото воспостави пракса на организирање на „Ден на отворени врати“ како настан преку кој економските оператори и договорните органи можат да дадат мислење по законот и начинот на кој истиот се спроведува во пракса. Имајќи ги во предвид позитивните реакции на учесниците, Бирото во март 2017 година огранизира и спроведе „Ден на отворени врати“, а на настанот присуствуваа вкупно 4 претставници од договорните органи. Преку овој настан Бирото директно ги

вклучува заинтересираните страни (договорни органи и економски оператори) во креирањето на идните политики за јавните набавки, односно подобрување на системот на јавни набавки.

*Во текот на 2017 година до Бирото по пошта биле доставени 173 барања на мислење, а преку контакт формата се пристигнати 778 барања. Исто така, за потребите на Министерството за финансии, Бирото има изготвено 47 мислења.*

До Бирото во текот на 2017 година по пошта биле доставени 173 барања на мислење, а преку контакт формата се пристигнати 778 барања. Исто така, за потребите на Министерството за финансии, Бирото има изготвено 47 мислења.

По направената анализа на доставените барања за мислења може да се заклучи дека најчестите прашања кои беа поставувани се однесуваат на фазата на евалуација, на постапките за барање согласност од Советот за јавни набавки, како и на спроведувањето на електронски постапки.

Најчести прашања поврзани со евалуацијата се оние кои се однесуваат на тоа дали одредени документи за докажување на лична состојба, техничка и професионална способност треба да се бараат дополнително да се достават, што се третира за аритметичка грешка и како треба да се постапи во таков случај.

Понатаму, чести се и прашањата кои се однесуваат на дополнителните работи, вишоците, кусоците и непредвидените работи. Исто така, како и во претходната година, договорните органи често поставуваа прашања кои се однесуваат на барањето согласност од Советот, во кои случаи се бара согласност, дали истото е задолжително при користење на стандардните тендерски документации и технички спецификации, дали се бара согласност доколку се користи тендерска документација за која во претходната година била дадена согласност и слично.

Во однос на спроведувањето на електронски постапки, најчесто поставуваните прашања се однесуваа на тоа кои документи треба да бидат потпишани електронски, што во случај кога одговорното лице или член на комисијата за јавна набавка нема дигитален потпис, како и во однос на валидноста на дигиталните сертификати кои економските оператори ги користат во постапките. Сепак, се забележува намалување на бројот на прашања кои се однесуваат за електронските постапки

во однос на претходната година што се одразува и на намалување на вкупниот број на поставени прашања. Ова е резултат на континуитетот на спроведување електронски постапки што се воспостави со зголемување на процентот на 50% од постапките во 2017 да бидат спроведени со електронски средства.

*Во 2017 година бројот на прашања кои се поставуваат преку Центарот за корисничка поддршка е зголемен, што е показател дека договорните органи и економските оператори се заинтересирани за брз и конкретен одговор на проблемите и нејаснотиите со кои се соочуваат во текот на спроведувањето на постапките за јавни набавки*

Бирото за јавни набавки, со цел да излезе во пресрет на договорните органи и на економските оператори кои учествуваат во спроведувањето на постапките за доделување на договори за јавни набавки, континуирано ги ажурира најчесто поставуваните прашања поставени на веб-страницата на Бирото, со додавање на нови прашања, како и изменување и дополнување на одговорите согласно со измените на Законот.

Во текот на 2017 година, исто како и во претходните години, како начин преку кој се обезбедуваат брзи и навремени совети поврзани со спроведувањето на постапките за јавни набавки, се користеше одговарањето од страна на вработените во Бирото преку Центарот за корисничка поддршка, давајќи им стручна помош на договорните органи и економските оператори.

Центарот за корисничка поддршка во 2017 година секојдневно им стоеше на располагање на договорните органи и економските оператори. Во периодот 01.01.2017 до 31.12.2017 година вкупно 12.319 повици се примени на центарот. Од нив, 7.566 повици за Секторот за нормативна дејност, обуки и меѓународна соработка, а 4.753 повици се примени за Секторот за следење на системот за јавни набавки.

Графикон 2.1



| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|
| Прашања по телефон | 5.892 | 8.530 | 13.578 | 12.319 |
| Прашања преку контакт формата | 865 | 1.250 | 1.071 | 778 |
| Прашања по пошта | 443 | 250 | 200 | 173 |
| Вкупно | 7.200 | 10.030 | 14.849 | 13.270 |

*Во центарот за корисничка поддршка во 2017 година примени се 12.319 повици. За Секторот за нормативна дејност, обуки и меѓународна соработка имало 7.566 повици, а 4.753 повици биле за Секторот за следење на системот за јавни набавки.*

Според податоците кои се наведени во графиконот, може да се заклучи дека вкупниот број на барања за мислење поставени од страна на договорните органи и економските оператори до Бирото во 2017 година е намален. Притоа, забележливо е дека и оваа година прашањата кои се поставуваат преку Центарот за корисничка поддршка се најкористен начин за обезбедување на помош од вработените на Бирото. Ваквиот факт е показател дека учесниците во системот за јавните набавки се повеќе заинтересирани за брз и конкретен одговор на проблемите и нејаснотиите со кои се соочуваат во текот на спроведувањето на постапките за јавни набавки.

Од друга страна, барањата за мислења кои се доставени со официјален допис преку пошта повторно бележат пад во однос на минатата година, што оди во прилог на тоа дека вклучените субјекти во спроведувањето на постапките имаат потреба од брзи и едноставни решенија на своите проблеми.

## 2.3. Модели на тендерски документации и прирачници

*Во 2017 година Бирото за јавни набавки, го издаде четвртото издание на Прирачникот за јавни набавки и изработи и издаде повеќе кратки брошури*

*Бирото изработи бројни нови прирачници кои се во функција на подобрување на знаењето на ДО.*

Бирото континуирано изработува и ги прилагодува прирачниците, водичите и моделите на тендерските документации и истите ги прави јавно достапни преку својата веб страница, со цел на договорните органи и на економските оператори да им се олесни примената на законот при спроведувањето на постапките за доделување на договори за јавни набавки.

Како и во текот на претходните години, така и во 2017 година се ажурираа моделите на тендерска документација секаде каде што истото беше потребно со цел истите да се прилагодат и усогласат со измените и дополнувањата на Законот за јавните набавки.

Во 2017 година беше издадено четвртото издание на Прирачникот за јавни набавки изработен од Секторот за нормативна дејност, обуки и меѓународни односи при Бирото за јавни набавки. Покрај вметнувањето на измените и дополнувањата на Законот за јавните набавки, со ова издание е извршена и ревизија на содржината на прирачникот со цел да се адаптира на потребите на договорните органи и економските оператори.

Во мај 2017 година, Бирото објави нова верзија на Водичот за негативни референци, кој ги опфаќа најчесто поставуваните прашања во однос на негативните референци. Потребата од ажурирање на овој водич произлезе од анализа на прашањата кои ги поставуваат договорните органи и економските оператори до Бирото, како и од проблемите со кои се соочуваат при примената на законските одредби за негативни референци во пракса.

Во текот на 2017 година, Бирото за јавни набавки изработи и издаде и повеќе кратки брошури со цел да ги доближи посебните фази од постапките за доделување на договори за јавни набавки до учесниците во системот за јавни набавки. Така, беа изработени следните брошури:

- Брошура за критериумите за доделување на договор, евалуација на понудите и доделување на договор за јавна набавка;
- Брошура за тендерска документација, критериуми за утврдување на способност и посебни начини за доделување на договори;
- Брошура за планирање на јавните набавки;
- Брошура за постапка со барање за прибирање на понуди; и
- Брошура за постапка со преговарање.

## 2.4. Негативни референци

Со цел да се заштитат договорните органи од економските оператори кои се несериозни, односно кои не ги почитуваат условите кои ги дале во своите понуди, како и од понудувачите избрани за носители на набавката кои не се придржуваат до договорните обврски во 2013 година беше воведен инструментот негативна референца.

*Во текот на 2017 година, од страна на договорните органи биле издадени вкупно 41 негативни референци и отстранети 2 негативни референци.*

Во текот на 2017 година, од страна на договорните органи биле издадени вкупно 41 негативни референци на економските оператори. Деталната анализа за причината поради која биле издадени негативните референци, како и споредба во однос на издадените негативни референци во 2014, 2015 и 2016 година, може да се види во графиконот во прилог. Бирото во 2017 година отстранило 2 негативни референци, постапувајќи по одлука на надлежен суд или со спогодба со својство на извршна исправа помеѓу договорниот орган и носителот на набавка (медијација).

Графикон 2.2




| | Повлечена понуда | Неприфатена исправка на ар. грешка | ЕО одбива да потпише договор | Необезбедена гаранција | Наплатена гаранција | ЕО не доставил документ за лична состојба | Отстранети од БЈН |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017 | 2 | 1 | 8 | 5 | 15 | 10 | 2 |
| 2016 | 12 | 2 | 17 | 6 | 22 | 25 | 14 |
| 2015 | 14 | 2 | 17 | 18 | 13 | 0 | 7 |
| 2014 | 3 | 0 | 15 | 6 | 10 | 0 | 3 |

*Во текот на 2017 година, од страна на договорните органи биле издадени вкупно 41 негативни референци и отстранети 2 негативни референци.*

Од прикажаните податоци, може да се забележи дека во 2017 година вкупно гледано има тренд на драстично намалување на издадените негативни референци од страна на договорните органи и тоа по однос на сите правни основи. Компаративните податоци покажуваат дека за разлика од 2015 и 2016 година кога беше забележано зголемување на бројот на издадени негативни референци, во претходните две години тој тренд се менува, при што се бележи намалување на вкупниот број на издадени негативни референци, како и намалување по сите поединечни основи за издавање на негативни референци.

Листата на негативни референци е јавно достапна на ЕСЈН, а условите за издавање негативна референца се јасно пропишани во законот.

# 3. Едукација за јавни набавки

## 3.1. Податоци од спроведените обуки во 2017 година

*Бирото за јавни набавки во текот на 2017 година, продолжи да организира и да спроведува едукација за јавните набавки.*

Бирото за јавни набавки во текот на 2017 година, согласно со Законот за јавните набавки, подзаконските акти и интерните упатства, продолжи да организира и да спроведува едукација за јавните набавки.

Основна причина за отпочнување на оваа системска активност се напорите на Бирото да ги зајакне капацитетите на договорните органи и економските оператори за правилна примена на прописите за јавни набавки.

Бирото ја реализираше Едукацијата за јавните набавки врз основа на Годишниот план изготвен согласно со член 14 став 1 алинеја 14 и член 14 – а од законот, Правилникот за програмата за спроведување едукација за јавни набавки, програмата за спроведување обука за обучувачи за јавни набавки, формата и содржината на потврдата за положен испит за лице за јавни набавки и за обучувач, како и висината на надоместокот кој го плаќаат учесниците на едукацијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/2012).

Нормативни акти врз основа на кои се спроведуваше обуката во текот на 2017 се следниве:

- Закон за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија” бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17) и
- Правилник за програмата за спроведување едукација за јавни набавки, програмата за спроведување обука за обучувачи за јавни набавки, формата и содржината на потврдата за положен испит за лице за јавни набавки и за обучувач, како и висината на надоместокот кој го плаќаат учесниците

на едукацијата (Службен весник на Република Македонија бр.90/12).

*Бирото за јавни набавки едукацијата за јавни набавки ја спроведува во согласност со интерните упатства*

Бирото за јавни набавки согласно со член 14 став 1 алинеја 16 од законот, изготвува инструкции како интерни упатства за подготовка и спроведување на едукацијата за јавни набавки и обуката за обучувачи за јавни набавки, и истите се објавени на веб страната на Бирото - bjn.gov.mk. Бирото ги донесе следниве упатства:

- Интерно упатство за подготвување и спроведување на едукацијата за јавни набавки од страна на Бирото за јавни набавки, бр. 10-241/1 од 04.02.2014 година, бр. 10 -241/2 од 27.10.2014 година, бр.11-470/1 од 19.02.2015 година, бр.11-470/2 од 07.10.2015 година, бр.11-270/1 од 04.02.2016 година, 11-36/1 од 11.01.2017 година и 11-36/2 од 27.02.2017 година;
- Интерно упатство за предавање на содржините пропишани со Програмата за едукација за јавни набавки од страна на обучувачите и Програмата за спроведување на обука за обучувачи за јавни набавки бр. 10-242/1 од 04.02.2014 година;
- Интерно упатство за работењето на членовите на комисијата за потребите на Едукацијата за јавните набавки бр. 10-2074/1 од 28.10.2014 година и 11-1577/1 од 15.12.2017 година;
- Интерно упатство за начинот на организирање и спроведување на испитот за учесниците на едукацијата за јавните набавки бр. 10-240/1 од 04.02.2014 година, бр.10-240/2 од 21.07.2014 година, 10 -240/3 од 27.10.2014 година, бр. 11-2762/1 од 07.10.2015 година, бр.11-221/1 од 29.01.2016 година, 11-35/1 од 11.01.2017 година и 11-35/2 од 27.02.2017 година;
- Решение за определување на висината на надоместокот на членовите на комисијата за едукација за договорни органи бр.11-271/1 од

04.02.2016 година за Модул за договорни органи Дел 1 до Дел 13 и

- Решение за определување на висината на надоместокот на членовите на комисијата за едукација за договорни органи бр.11-1588/1 од 18.12.2017 година за Модул за договорни органи Дел 14 и Дел 15.

Донесени се процедурите за квалитет во текот на 2017 година и тоа:

- Процедура за квалитет – Едукација за јавните набавки за договорни органи;
- Процедура за квалитет – Начин на работа на комисијата за спроведување на писмениот испит и
- Процедура за квалитет - Увид и приговор по писмен испит по јавни набавки.

На 9 јануари 2017 година, беше донесен Годишниот план за реализација на едукацијата за јавните набавки за 2017 година. Планот во текот на годината беше изменет седум пати, со цел откажување на термини за обука поради недоволен интерес за посетување на истите. Во делот на обуките за продолжување на важноста на сертификатот, беше извршена измена само во еден термин и тоа поради промена на датумот на одржување на истиот. Обуките за продолжување на важноста на сертификатот се одржаа успешно во целост според бројката утврдена во планот. Откажани беа дел од термините предвидени за обуки за стекнување со потврда за положен испит за лице за јавни набавки по прв пат.

Графикон 3.1




**Обука за договорни органи за лицата кои се немаат стекнато со потврди за положен испит**

*Бројот на обучени лица од договорните органи, кои обуката ја следеле по прв пат, во 2017 година изнесува 147 учесници*

Се одржаа 10 обуки за договорни органи (редовни обуки за лица кои работат на јавни набавки со цел стекнување на потврда по прв пат). Активностите во рамки на програмата се реализираа преку предавања од обучувачите по јавни набавки кои потврдите за положен испит за обучувач ги добија во текот на 2016 година.

Графичкиот преглед на одржаните обуки во последните осум години е следна:

Графикон 3.2



Во 2010 се спроведени 18 обуки, во 2011 - 16 обуки, во 2012 - 37 обуки, во 2013 - 19 обуки, во 2014 - 17 обуки, во 2015 – 21 обука, во 2016 – 19 обуки, а во 2017 – 10 обуки.

Бројот на обучени лица од договорни органи, кои обуката ја следеле по прв пат, во 2017 година изнесува 147 учесници. Табеларниот приказ на лица кои ја посетувале обуката во последните пет години е даден во Графиконот 3.3:

Графикон 3.3




*Обука за продолжување на важноста на сертификатите во 2017 година, посетија 147 учесници*

**Обука за договорни органи за лицата кои се стекнале со потврда за положен испит по јавни набавки**

Согласно со измените на законот од 2011 година, потврдите за положен испит издадени согласно со Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.136/07, 130/08, 97/10 и 53/11) продолжуваат да важат за периодот за кој се издадени, но не подолго од денот на влегувањето во сила на последните измени. Во текот на 2017 година, 174 лица ја посетувале обуката за Деловите 14 и 15 од Програмата, а останатите учесници, кои сеуште ја немаа продолжено важноста на серификатите беа поканети повторно да учествуваат на ваквата обука и да го полагаат писмениот испит по јавни набавки

и со тоа да се стекнат со потврди за положен испит по јавни набавки.

Споредбен приказ за изминатите години, откако се одржуваат обуките за обнова на знаењата на учесниците кои веќе се стекнале со потврда за положен испит по јавни набавки, е даден во Графикон 3.4:

Графикон 3.4




**Обука за економски оператори**

*Во текот на 2017 година беа предвидени 3 термини за обука за економските оператори, а обука се одржа само во еден термин од 15 – 16 март. На оваа обука учествува 13 лица и се стекнаа со сертификат за присуство на обука за јавни набавки*

Во 2013 година, Бирото за прв пат започна со организирање и спроведување на обуки специјализирани за економските оператори. По направеното истражување со анкетни прашалници и преку одговорите на учесниците на обуките, Бирото констатираше дека со цел давање на подетални информации на економските оператори за прашања кои се само од нивен интерес, потребно е да се осмисли и спроведе обука само за нив. Поради наведеното, во Правилникот за програмата за спроведување едукација за јавни набавки, програмата за спроведување обука за обучувачи за јавни набавки, формата и содржината на потврдата за положен испит за лице за јавни набавки и за обучувач, како и висината на надоместокот кој го плаќаат учесниците на едукацијата се предвиде модулот за економски оператори. Оттука, Бирото во текот на 2017 година одреди 3 термини за дводневна обука за економските оператори. Од предвидените три термини за обука за економски оператори, се одржа само еден термин и тоа од 15 – 16 март. На обуката учествува 13 лица. Сите 13

*Со цел унапредување на едукација за јавните набавки во изминатата година се спроведе анализа на задоволството на учесниците од обуките , а добиените одговори се зедоа во предвид при предлагање на мерки на натамошно унапредување на едукацијата во јавните набавки*

лица се стекнаа со сертификат за присуство на обука за јавни набавки за економски оператори.

**Анализа на задоволството на учесниците на едукацијата** Бирото за јавни набавки во текот на целата година, како и периодично, до сите учесници на едукацијата доставува анкетни прашалници во врска со задоволството од спроведените обуки и искористеноста на наученото во текот на работата.

Ваквите анкетни прашалници учесниците ги пополнуваат на крајот од секоја обука и по одреден период, по кој можат да утврдат дали обуката помогнала во нивната работа.

Според тоа, Одделението за обуки испрати анкетен прашалник до поголем број од учесниците на обуката и тоа по завршување на првата половина од годината, како и на крајот од 2017 година. Анкетата беше испратена преку електронска пошта и се однесуваше на учесниците кои учествувале на едукацијата во 2017 година. Анкетниот лист се однесува на едукациите на кои учествуваа кандидатите и во истиот се поставени неколку прашања за начинот на спроведувањето на обуките и рефлектирањето на истите врз нивната работа, како лица кои се стекнале со потврди за положени испити.

Одделението за обуки овие анкети ќе ги искористи во насока на проверка на досегашната успешност на едукациите, како и за подобрување на обуките во текот на следната година.

Одговор на Анкетниот прашалник доставија околу 48 учесници на обуката.

Прашањата на кои даваа одговор како и одговорите на истите се следни:

1. На прашањето ***Колку сте задоволни од квалитетот на обуката****?* 17 одговориле дека се многу задоволни, 26 задоволни, 4 делумно задоволни и нема незадоволен.
2. На прашањето ***колку сте задоволни од квалитетот на обучувачите***, 15 се многу задоволни, 29 задоволни, 3 делумно задоволни и нема незадоволен.

3. На прашањето ***дали обуката во помогна во Вашето работење***, 11 се многу задоволни, 32 се задоволни, 5 се делумно задоволни и нема незадоволен.

Графикон 3.5




4. На прашањето **дали сте задоволни од квалитетот на добиеното знаење во текот на обуката**, 10 се многу задоволни, 32 се задоволни, 5 се делумно задоволни и нема незадоволен.
5. Во однос на прашањето **дали бројот на поништени постапки поради битни пропусти во постапките или грешки во тендерската документација се намали после обуката**, 25 позитивно одговориле, 15 одговориле дека делумно се намалил бројот на поништени постапки, а 5 одговориле дека бројот не се намалил.

Графикон 3.6



6. 37 учесници на окуката позитивно одговорија на прашањето **дали направиле измени во работењето после обуката,** од кои 28 одговориле дека направиле промени во работењето, 9 направиле делумни промени, а 6 не направиле никакви промени во работењето.

Графикон 3.7




7. Во однос на прашањето **дали знаењето за јавните набавки после обуката им се зголемило**, 32 одговориле дека нивното знаење многу се зголемило, 31 одговориле дека се зголемило нивното знаење, 13 дека делумно се зголемило знаењето, а 2 одговориле дека воопшто не го подобриле знаењето после обуката.

Графикон 3.8



8. Дека имаат потреба од **повторна обука** позитивно одговориле 16 лица, на 5 не им е потребна обука, а 27 одговориле дека им е потребна дополнителна обука за одредени теми.

Од горните резултати може да се заклучи дека особено позитивно е тоа што 68% одговориле дека многу се зголемило нивното знаење по посетување на обуката, како и тоа дека се направени измени во работењето по обуката.

Исто така, показател дека Бирото во иднина треба да споведува и тематски обуки е фактот дека скоро половина од анкетираните учесници одговориле дека им е потребна тематска обука.

**Електронски систем за едукација**

Електронскиот систем за едукација започна да работи на почетокот на 2012 година и основна намена е да се користи за најава на учесниците на обуките, оценување на обучувачите, евиденција за присуства, пополнување на евалуациони листови, прикачување на презентациите и вежбите на обучувачите и полагање на писмениот испит.

Системот започна да се применува кон крајот на 2012 година, а во 2013 година преку овој систем се одвиваа сите обуки. Сите обуки и испити и во текот на 2017 година, целосно беа реализирани преку електронскиот систем за едукација. Писмениот испит се одвива целосно електронски, со што резултатите од испитот се добиваат веднаш по самото завршување на испитот. Во текот на 2017 година писмениот испит се полагаше 100% електронски, без полагања во хартија.

*Едукацијата за јавни набавки ја спроведуваат сертифицирани обучувачи кои имаат потврда за обучувачи издадена од Бирото за јавни набавки*

**Обучувачи за јавни набавки согласно со листата на обучувачи**

Едукацијата за јавни набавки ја спроведуваат сертифицирани обучувачи кои согласно со член 14-а став 2 од Законот за јавните набавки имаат потврда за обучувачи издадена од Бирото за јавни набавки. Во текот на 2017 година, на постоечките листи на кои се наоѓаат обучувачи кои се стекнаа со

За своето предавање беа оценувани од учесниците

сертификати во 2009 година, како и во 2014 година, и ресертифицираа во 2016 година, беа додадени и тројца вработени во Бирото кои го положија писмениот испит за обучувач. Обучувачите беа поканувани да предаваат по азбучен ред, согласно со поделбата на листите. Обучувачите мораа задолжително да се придржуваат до Планот за Едукација при тоа, користејќи ги сите предвидени средства за успешна реализација на материјалот од модулите (печатени материјали, презентации, проектор итн). За своето предавање беа оценувани од учесниците со оцени од 1 до 10, при што 10 е највисоката, односно 1 најниската оцена.

Оценувани беа врз основа на следниве прашања:

1. *Како би го оцениле обучувачот во однос на неговото познавање на прописите за јавни набавки?*
2. *Како би го оцениле обучувачот во однос на познавањето на темата која ја предаваше?*
3. *Како би го оцениле предавачот во однос на неговите практични знаења?*
4. *Како би го оцениле обучувачот во однос на подготовените материјали за предавањето (презентации, вежби)?*
5. *Како би го оцениле обучувачот во однос на неговите презентациски вештини?*
6. *Како би го оцениле обучувачот во однос на неговото трпение кон учесниците?*
7. *Колку сте задоволни од одговорите кои обучувачот ги даваше на прашањата на учесниците?*
8. *Колку сте задоволни од интерактивноста на наставата овој ден?*
9. *Како би го оцениле обучувачот во однос на почитувањето на распоредот за предавање во текот на денот?*
10. *Која е Вашата вкупна оценка за обучувачот?*

*Врз основа на оценките од учесниците, се бележи мал пад на задоволството од предавањата на обучувачите во споредба со 2016 година, но сепак учесниците во најголем дел се задоволни од начинот на одржување на предавањата*

Обучувачот кој не добил преодна оцена, согласно со Интерното упатство, односно добил оцена помала од 8,5 не може да предава во следниот круг. Само еден обучувач имаше оценка помала од 8.5 и не беше поканет да предава во следниот круг. Сите останати обучувачи добија оценки над 8.5 за сите термини на обуки кои се одржаа.

Исто така, оние обучувачи кои не одговориле на поканата за обука, односно одговориле негативно, го чекаат следниот круг на предавање за да можат да предаваат.

Согласно со оцените кои ги добиле обучувачите, видливо е дека учесниците во поголемиот дел биле задоволни од истите, од начинот на кој предавале и како го пренеле своето знаење и искуство за јавните набавки. Исто така, дел од обучувачите поради работни и лични причини, не предаваат на обуките. Истите се на листата на обучувачи и по нивно барање истите ќе бидат ангажирани како обучувачи во следните термини.

На крајот од предавањето, на обучувачите по меил им се испраќаше и електронскиот извештај од оценувањето од учесниците, за делот од предавањето кое се однесува на денот на нивното предавање.

Средна оцена на задоволството на учесниците од предавањето на обучувачите во 2017 година е 9,34 од можна највисока 10.

Споредбено со задоволството од обучувачите од претходната година, се бележи мал пад:

Графикон 3.9



# 4. Податоци добиени од други институции

## 4.1. Државна комисија за жалби по јавни набавки

*Според податоците од Државната комисија во 2017 година вкупната бројка на пристигнати и заведени предмети е 561, од кои решени се вкупно 548 предмети, нерешени се 13 предмети поради некомплетна документација и истите се префрлени во 2018 година*

Државната комисија за жалби по јавни набавки согласно со Законот за јавните набавки, е надлежна за решавање по жалби во постапките за доделување на договори за јавни набавки и решавање по жалби во постапките за доделување на договори за концесии и јавно приватно партнерство.

Имено, Државната комисија одлучува за законитоста на дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија, како и на одлуките кои како поединечни правни акти се донесени во постапките за доделување договори за јавни набавки. Исто така, комисијата одлучува и за други барања кои во постапката на правна заштита се дозволени да ги поднесат странките во постапката.

Според податоците од Државната комисија[1], во 2017 година вкупната бројка на пристигнати и заведени предмети е 561, од кои решени се вкупно 548 предмети. Нерешени предмети поради некомплетна документација се 13 предмети и истите се префрлени во 2018 година.

Од наведените 548 решени предмети, 30 жалби се изјавени од договорни органи против решенија издадени од Советот за јавни набавки. Исто така, против решенијата донесени од страна на Државната комисија, во текот на 2017 година изјавени се вкупно 86 тужби до Управниот суд.

---

[1] Податоците кои се дел од овој Извештај се добиени од Државната комисија за жалби по јавни набавки

Во графиконот 4.1 е даден графички приказ на податоците добиени од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки. За споредба, во истиот се наведени и податоците од претходните 5 години.

Графикон 4.1




Од податоците во графиконот може да се забележи тренд на намалување на вкупниот број на примени предмети. Така во 2017 година, вкупниот број на примени предмети изнесува 561, што е значително помал број на примени предмети за разлика од 2016 и 2015 година, кога оваа бројка изнесувала 626, односно 623 предмети.

Исто така Комисијата бележи тренд на намалување на бројот на нерешени предмети. Во категоријата на нерешени предмети во 2017 година, бројката изнесува 13 предмети, за разлика од 2016 и 2015 година, кога оваа бројка изнесувала 17, односно 16 предмети.

*Во 2017 година поднесени се вкупно 7 барања за продолжување на постапката и сите 7 барања се одбиени*

Имајќи го во предвид фактот дека Советот за јавни набавки се укина во ноември 2017 година, се забележува намалување на бројот на жалби по решенија од Советот за јавни набавки. Така, во 2017 година, бројот на жалби изјавени од договорни органи против решенија на Советот за јавни набавки изнесува 30, за разлика од

2016 кога овој број изнесувал 41 жалба против решенија на Советот за јавни набавки.

Исто така, според податоците од Државната комисија за жалби по јавни набавки, во 2017 година поднесени се вкупно 7 барања за продолжување на постапката. Според податоците од Државната комисија, сите 7 барања се одбиени, односно ниту едно барање не е уважено.

Графикон 4.2




Во Графиконот 4.2 даден е приказ на податоците од 2011 до 2017 година кои се однесуваат на бројот на уважени жалби, бројот на одбиени жалби, бројот на отфрлени жалби, бројот на уважени жалби од договорен орган, како и бројот на повлечени жалби. Споредувајќи ги податоците се забележува дека постои намалување кај бројот на уважени жалби, а за разлика од претходната година се забележува и намалување во однос на одбиените жалби.

Графикон 4.3




Што се однесува до бројот на поднесени тужби против одлуките донесени од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки пред Управниот суд на Република Македонија, во графиконот 4.3 се прикажани податоците од 2011 до 2017 година, при што се забележува дека вкупниот број на поднесени тужби во 2017 се зголемил, односно изнесува 86, за разлика од 2016 година, кога оваа бројка изнесувала 65 поднесени тужби.

## 4.2. Управен суд на Република Македонија

Управниот суд на Република Македонија е надлежен за решавање по поднесени тужби од странки кои се незадоволни од одлуките на Државната комисија за жалби по јавни набавки. Со оглед на таа надлежност, оваа институција е од големо значење во делот на правната заштита во постапките за доделување договори за јавни набавки.

Поради прецизно согледување на ефикасноста и ефективноста на правната заштита во областа на јавните набавки, Бирото податоците за поднесените тужби против одлуките на Државната комисија пред Управниот суд ги наведува во

годишните извештаи. Овие податоци можат да се видат во Графиконот 4.4 кој е во прилог[2]:

Графикон 4.4




Графикон 4.5




*Податоците од 2017 година во споредба со оние од 2016, покажуваат дека бројот на одбиени тужби се намалил за една тужба, додека бројот на уважени тужби во 2017 година е зголемен во однос на 2016*

Во Графиконот 4.5 се наведени податоците кои се однесуваат на бројот на уважени тужби, одбиени тужби, отфрлени тужби и запрени постапки, во споредба со претходните четири години.

[2] Овие податоци се содржани во Извештајот на ДКЖЈН и истите се добиени од Управен суд на барање на Комисијата.

Податоците од 2017 година во споредба со оние од 2016, покажуваат дека бројот на одбиени тужби се намалил за една тужба, односно 31 во 2016, а 30 во 2017 додека бројот на уважени тужби во 2017 година е зголемен во однос на 2016. Што се однесува до бројот на запрени постапки, истиот во 2017 година изнесува 6 запрени постапки, во споредба со 2016 година, кога оваа бројка изнесувала 1 запрена постапка[3].

## 4.3. Виш Управен суд

*Во текот на 2017 година, во Вишиот управен суд примени се вкупно 14 предмети од областа на јавните набавки*

Вишиот управен суд одлучува по жалбите против одлуките на Управниот суд донесени во прв степен, а кои се однесуваат на поништување на одлуките на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Според податоците добиени од Вишиот управен суд на барање на Бирото за јавни набавки, во текот на 2017 година, во Вишиот управен суд примени се вкупно 14 предмети од областа на јавните набавки, од кои 12 се управни жалби, додека останатите 2 се управни жалби со времени мерки.

*Во 8 предмети се донесени одлуки со кои жалбите се одбиени, во 2 (два) предмети одлуките на Управниот суд се преиначени, оспореното решение на Државната комисија за жалби е потврдено. Во два предмети е донесена одлука со која предметите се вратени на повторно одлучување*

Во 8 предмети се донесени одлуки со кои жалбите се одбиени, а одлуките на Управниот суд се потврдени, во 2 (два) предмети одлуките на Управниот суд се преиначени, оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки е потврдено, односно тужбата на тужителите е одбиена. Во два предмети е донесена одлука со која е укината Одлуката на Управниот суд и предметите се вратени на повторно одлучување.

Од наведениот број на предмети во текот на 2017 година решени се вкупно 10 предмети. Овие податоци се прикажани во Графиконот 4.6 во прилог:

[3] Овие податоци се содржани во Извештајот на ДКЖЈН и истите се добиени од Управен суд на барање на Комисијата.

Графикон 4.6




## 4.4. Државен завод за ревизија

*Државниот завод за ревизија е врховна ревизорска институција во Република Македонија, која меѓудругото врши ревизија на регуларност и ревизија на успешност кај јавните набавки*

Државниот завод за ревизија е врховна ревизорска институција во Република Македонија, која меѓудругото врши ревизија на регуларност и ревизија на успешност кај јавните набавки. При вршењето на ревизија на регуларност, покрај останатото, ревизорските тимови вршат и испитување и оценка на користењето на средствата согласно законските прописи. Во тие рамки се врши увид во начинот на планирањето, спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки спроведени во периодот за кој се врши ревизија.

Податоците добиени од страна на Државниот завод за ревизија се од особено значење за Бирото кое врз основа на истите планира преземање на соодветни мерки, кои се во функција на отстранување на констатираните неправилности и нерегуларност кај договорните органи кои подлежат на ревизија. Државниот завод за ревизија изготвува Годишен извештај за извршените ревизии и резултатите од нив и истиот го доставува на разгледување до Собранието на Република Македонија најдоцна до 30 јуни во тековната година за претходната година. Во

моментот на изготвување на овој извештај, бараните податоци од Државниот завод за ревизија се во фаза на обработка и анализа. Потребните податоци ќе бидат доставени до Бирото за јавни набавки, по објавување на ревизорскиот извештај на Дрзавниот завод за ревизија.

## 4.5. Државна комисија за спречување на корупцијата

*Во текот на 2017 година, Државната комисија за спречување на корупцијата постапила по вкупно 7 доставени пријави за можна корупција во областа на јавните набавки, и констатирала дека не се потврдени наводите содржани во пријавите и одлучила дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во конкретните предмети*

Во текот на 2017 година, Државната комисија за спречување на корупцијата постапила по вкупно 7 доставени пријави за можна корупција во областа на јавните набавки, во однос на постапките за доделување на договори за јавни набавки кои биле спроведени од страна на договорните органи.

Постапувајќи согласно утврените надлежности во Законот за спречување на корупцијата, по прибирање на релевантни информации од други институции со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавите, Државната комисија за спречување на корупцијата во 7 – те предмети констатира дека не се потврдени наводите содржани во пријавите и одлучила дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во конкретните предмети.

Доколку се споредат претходните години (2012, 2013, 2014 и 2015) може да се констатира дека е присутна континуирана тенденција на намалување на пријави во споредба со претходниот период (во 2011 година имало дури 45 пријави). Во 2012 година доставени се 29 пријави за можна корупција, во 2013 година 14 пријави, во 2014 година има доставено 25 пријави, во 2015 има доставено вкупно 10 пријави, во 2016 година има доставено само 3

пријави за постоење сомнеж за корупција во јавните набавки, а во 2017 година овој број изнесува вкупно 7 пријави.[4]

## 4.6. Комисијата за заштита на конкуренцијата

*Во 2017 година, Комисијата во една прекршочна постапка утврдила постоење на забранет договор помеѓу претпријатија при поднесување на понуди во постапки за доделување на договори за јавни набавки, за утврдениот прекршок на сторителите им е изречена и соодветна глоба*

Слободната конкуренција е од особена важност за сите држави чии економии се темелат на начелото на слободен пазар, каде што распределбата на средствата е резултат на односите на понудата и побарувачката на пазарот. Правото на конкуренција како една од политиките на внатрешниот пазар на Европската унија и нејзините земји членки, како и на сите држави во чии што економии е втемелено начелото на слободен пазар, има за цел да ги спречи поединечните практики и деловни активности на пазарот, кои одредени претпријатија можат да ги доведат во неоправдано поповолна позиција во однос на другите претпријатија.

Ваквото ставање во поповолна позиција во однос на другите претпријатија при доделување на договорите за јавни набавки, би ја довело во прашање и би ја загрозило слободната конкуренцијата помеѓу претпријатијата.

Законското спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки, а особено почитувањето на начелото на конкуренција меѓу економските оператори и еднаков третман и недискриминација на економските оператори претставува предмет на интерес на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Комисијата за заштита на конкуренцијата од 2012 година воведе една новина со која што се забрануваат договорите помеѓу претпријатија при поднесување на понуди во постапките за јавни набавки. Ова особено доаѓа до израз ако се има предвид, дека и во

[4] Податоците се добиени од Државната комисија за спречување за корупција

2015 и 2016 година, Комисијата нема утврдено потешки или полесни прекршоци во однос на конкуренцијата кај јавните набавки, односно, не е утврдено постоење на забранети договори помеѓу претпријатија при поднесување на понуди во постапките за доделување на договори за јавни набавки. [5] За разлика од податоците добиени во 2016 и 2015 година, во 2017 година, Комисијата во една прекршочна постапка утврдила постоење на забранет договор помеѓу претпријатија при поднесување на понуди во постапки за доделување на договори за јавни набавки. За утврдениот прекршок на сторителите им е изречена и соодветна глоба.

Треба да се напомене дека Бирото за јавни набавки неколку години по ред добива исти или слични податоци во поглед на заштитата на конкуренцијата од Комисијата за заштита на конкуренцијата. Наведените податоци не кореспондираат во целост со фактичката состојба и информациите кои Бирото ги добива од економските оператори, кои многу често се жалат на нереално ниски цени или ограничување на конкуренцијата по други основи.

Може да се изведе заклучок дека е потребна поопсежна анализа за причините за наведената состојба, дали станува збор за недоволна информираност на економските оператори каде и до кого треба да се обратат кога сметаат дека е оневозможена вистинска конкуренција во постапката за доделување на договор за јавна набавки.

[5] Податоците се добиени од Комисијата за спречување на конкуренцијата

# 5. Соработка со други институции

## 5.1. Соработка со институции во Република Македонија

*Бирото за јавни набавки се грижи за функционирирање на системот на јавните набавки и соработува со повеќе институции со цел подобрување на истиот*

Бирото за јавни набавки, континуирано соработува со институциите кои од аспект на своето делување влијаат врз системот за јавни набавки како што се: Министерство за фининасии, Министерството за правда, Министерството за економија, Државната комисија за жалби по јавните набавки, Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупција, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Централен регистар, Службен весник и други институции, со цел преку размена на меѓусебните искуства постојано да се унапредува и подобрува истиот.

Под раководство на Министерството за финансии, од страна на Владата на Република Македонија во декември 2017 се усвои Програма за управување со јавните финансии. Истата беше изработена од работна група, во која претставници на Бирото ги предложи приоритените реформи кои треба да престојат во оваа област. Истата работна група и во периодот на имплементација на Програмата ќе продолжи да известува преку едногодишни акциски планови кои ќе бидат усвоени од страна на Владата на Република Македонија.

Во април 2017 година, беше објавен конечниот извештај на Државниот ревизор на тема: „Ефикасност на политиките и инструментите во системот за јавни набавки и постапката за давање согласност за објавување на оглас за јавна набавка“. Овој извештај има за цел да даде одговор на прашањето дали политиките и инструментите во системот на јавни набавки обезбедуваат транспарентност, конкуренција и еднаков третман на економските оператори и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на

договори за јавни набавки. Исто така, врз основа на констатираните состојби, од страна на Државниот завод за ревизија, дадени се и препораки за подобрување на системот на јавни набавки.

Во рамки на редовната соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата, Бирото продолжи да известува по однос на реализацијата на „Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2016-2019", која има за цел да го акцентира институционалниот систем и легислативата заради превенција на корупцијата и судирот на интереси.

Бирото за јавни набавки зема активно учество во работната група 23 Правосудство и фундаментални права, која ја раководи Министерството за правда при што во рамки на „Националната програма за усвојување на законодавството на Европската унија" предвиде неколку активности за борба против корупцијата.

Една од институциите со кои Бирото соработуваше во текот на минатата година, е и Академијата за судии и јавни обвинители која согласно Програмата за обука на судските службеници и на јавно-обвинителските службеници, организираше и во соработка со Бирото спроведе три обуки на тема „Примена на Законот за јавните набавки". На обуката присуствуваа вкупно 103 службеници од судовите.

Бирото за јавни набавки во соработка со Службен весник на Република Македонија, ја подобри услугата и овозможи автоматско прикачување на огласите објавени во Службен весник во Досието на постапки на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН). Откако Службен весник ќе го објави изданието, извадок од истото автоматски се прикачува во Досието на конкретната постапка на ЕСЈН.

Во овој период, Бирото соработуваше и со други институции, чиешто дејствување влијае особено од аспект на јакнење на професионалноста, стручноста и одговорноста на лицата кои работат на јавните набавки, што всушност претставува

и препорака на Европската комисија во извештаите за напредокот на Република Македонија.

## 5.2. Соработка со меѓународни институции поврзани со јавни набавки и меѓународна соработка при ЕУ интеграција

Во 2017 година, Бирото за јавни набавки реализираше повеќе проекти, пред се во соработка со Европската комисија, СИГМА и Светска банка со што отпочнаа реформи поврзани со развојот на системот на јавните набавки.

На барање на Европската комисија под координација на Министерството за финансии, во финализираната и усвоена Програма за управување со јавните финансии, Бирото ги предложи клучните реформи во областа јавни набавки. Воедно, Бирото во соработка со СИГМА подготви Нацрт на нов Закон за јавните набавки во кој се транспонира Директивата 2014/24/ЕУ од 26 февруари 2014 година за јавни набавки во класичниот јавен сектор, Директивата 2014/25/ЕУ од 26 февруари 2014 година за набавки на субјекти кои работат во секторите водостопанство, енергетика, транспорт и поштенски услуги и Директивата за правни лекови 2007/66/ЕЗ, во делот на алтернативни казни.

На состанокот на Комитетот на ГПА што се одржа на 21 јуни 2017 година, кој се одржа во седиштето на Светската трговска организација, Република Македонија даде официјална изјава во која го презентираше системот на јавни набавки и подготвеноста да се интензивира процесот на преговори.

Во овој период во рамки на своите надлежности за соработка со меѓународни институции и други странски субјекти за работи поврзани со развојот на системот на јавните набавки, претставници на Бирото на покана на одредени меѓународни институции, имаа можност да разменат искуства со претставници на тие институции како и со претставниците на останатите земји учеснички.

Од 21.02.2017 - 24.02.2017 година, во Букурешт, Република Романија тројца претставници од Бирото за јавни набавки остварија посета во Агенцијата за јавни набавки - ANAP каде беа запознаени со работењето на Агенцијата, легислативата со кои се уредени јавните набавки, електронскиот систем за јавни набавки и со начинот на динамично купување преку електронски каталози.

На 27 и 28 Јуни 2017 година се одржа работна посета во Хелсинки, Финска, во организација на RESPA на тема е-каталози и е-нарачки, на која покрај претставниците од Република Македонија исто така присуствуваа претставници од телата за јавни набавки од соседните држави.

Тројца претставници на Бирото за јавни набавки се вклучија во Програмата за сертификација на УНДП и на ЦИПС во рамки на САФЕ Грантот кој го администрира Светска банка. Програмата за сертификација има четири нивоа.

Двајца претставници од Бирото за јавни набавки учествуваа на конференција организирана од страна на DIGI WHIST и Европска комисија на тема „Користење на open data за подобрување на јавните набавки“ во периодот 29 и 30.11.2017 година.

На 20 и 21.11.2017 год. во организација на ТАИЕХ во Рим, Република Италија беше реализиран студиски престој во Consip и Soresa за тројца претставници од Бирото за јавни набавки на тема „Функционирање на јавните набавки во рамки на централните тела за јавни набавки“.

Претставниците од Бирото за јавни набавки во рамки на своите можности учествуваа како набљудувачи во работната група за јавни набавки и во работната група за е-набавки на Советодавниот комитет за јавни набавки во Брисел, Кралството Белгија, како советодавно тело на Европската комисија.

Може да се забележи дека Бирото за јавни набавки и во текот на 2017 година продолжи да соработува со институциите кои се надлежни за следење на системите за јавни набавки во

земјите од Западен Балкан, но и презема крупни чекори за усогласување со европското законодавство и примена на добрите практики во областа на јавните набавки.

# 6. Користење на Електронскиот систем за јавни набавки

Со воведувањето на Електронскиот систем за јавни набавки им се даде можност на сите договорни органи во РМ да ги спроведуваат своите постапки за доделување договори за јавни набавки по електронски пат. Имено, огласите за доделување на договор за јавна набавка задолжително се објавуваат на ЕСЈН заедно со тендерската документација која можат да ја преземат регистрираните економски оператори. Исто така, спроведувањето на набавките преку ЕСЈН подразбира дека сите дејствија во постапката (поднесување на понуди, јавното отворање и евалауција, донесување одлуки, известувања за донесените одлуки, комуникација со економски оператори) се спроведуваат во електронска форма.

*Од 1 јануари 2017 година договорните органи се должни 50% од постапките да ги спроведуваат со електронски средства.*

Со измените на Законот за јавни набавки (член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.78/2015) воведени се задолжителни електронски јавни набавки прогресивно во распон од следните три години. Договорните органи се должни да ги спроведуваат отворените постапки, ограничените постапки и постапките со барање за прибирање на понуди со користење електронски средства преку ЕСЈН, и тоа:

- во најмалку 30% од објавените огласи од 1 јануари 2016 година,
- во најмалку 50% од објавените огласи од 1 јануари 2017 година и
- во 100% од објавените огласи од 1 јануари 2018 година.

Зголемување на употребата на електронски јавни набавки или е-набавките е една од важните цели од Стратегијата на ЕУ за 2020 година и е во согласност со новите Директиви на ЕУ за јавни набавки.

*Бирото за јавни набавки постојано го надградува Електронскиот систем за јавни набавки со нови модули и функционалности со цел олеснување на пристапот на корисниците и поефикасно спроведување на електронските постапки за доделување на договор за јавна набавка.*

Бирото за јавни набавки согласно надлежностите да управува и оперира со Електронскиот систем за јавни набавки постојано го надградува истиот со нови модули и функционалности со цел олеснување на пристапот на корисниците и поефикасно спроведување на електронските постапки за доделување на договор за јавна набавка. Како дел од поважните подобрувања на ЕСЈН во 2017 година се:

- **Автоматско прикачување на огласите објавени во Службен весник во досието на постапки на ЕСЈН – 2017** - по објавата на оглас за доделување на договор за јавна набавка или конкурс за избор на идејно решение, огласот се испраќа за објава во Службен весник на РМ. Откако Службен весник ќе го објави изданието, извадок од истото автоматски се прикачува во Досието на конкретната постапка на ЕСЈН.
Со оваа надградба корисниците повеќе не треба да го скенираат, ниту пак мануелно да го прикачуваат извадокот од објавениот оглас од Службен весник на РМ во досието на постапки на ЕСЈН.
- **Повторно одлучување (постапување по решение од ДКЖЈН)** – по добиено решение од ДКЖЈН за натамошно постапување врз основа на поднесена жалба, договорните органи имаат на располагање две можности: да започнат повторна евалауција по што повторно ги евалуираат понудите и спроведуваат електронска аукција/поднесување на конечна цена или го селектираат копчето повторно одлучување по што системот дава можност да се прикачат дополнителни документи и истите да се испратат до одговорно лице за носење на конечна одлука. Во двата случаи постапката завршува со донесување на одлука и испраќање на известувањата до понудувачите. Со воведување на можноста за „***Повторно одлучување***" при обжалена постапка се овозможува целосна техничка усогласеност на ЕСЈН во однос на

решенијата кои ги носи Државната комисија за жалби по јавни набавки.

- **Поништување на електронски постапки** - преку модулот е-поништувања може да се поништи постапка за јавна набавка пред истекот на крајниот рок на огласот согласно алинеа 5, 7, 8 и 9 од член 169 од ЗЈН или доколку постапката ја поништува Државна комисија за жалби по јавни набавки. Системот е надграден со можност за поништување на целата постапка или дел/делови од постапката и во фазата по јавно отворање и евалауција на понудите.
- **Автоматско дополнување во извештајот од спроведена постапка** - кај постапките кои се спроведуваат целосно по електронски пат, корисниците имаат можност да го изгенерираат Извештајот од спроведена постапка од ЕСЈН при што најголем дел од податоците за одредена постапка автоматски се пополнуваат. Со новата надградба, Извештајот автоматски се пополнува и во делот на конечното рангирање и бодување, односно со постигнатите цени по спроведена е-аукцијата/ или поднесувањето на конечна цена, со што се олеснува работата посебно кај постапките со огромен број на делови. Извештајот од спроведена постапка сега е достапен за генерирање само по завршување на е-ауцијата или доколку постапката е деллива, по завршување на сите е-аукции и/или поднесувања на конечни цени на системот.
- **Досие на учество на постапки кај економски оператори** – преку овој модул секој понудувач може да ги прегледа документите кои ги има поднесено за конкретна постапка во делот прашања и одговори пред јавно отворање, прикачените документи при поднесување на понудата, појаснувања и дополнувања на понудата во евалауција, прикачените документи за докажување на личната состојба (само за постапките со барање за прибирање на понуди), испратената одлука за избор на најповолна

понуда/поништување на постапката и образложението за причините за донесување на одлуката во постапката за доделување на договор за јавна набавка. Со оваа надградба на ЕСЈН, понудувачите можат во секое време да проверат кој е статусот на постапката и кои се документи ги имаат прикачено односно разменувано преку системот.

- **Алатка за објава на склучените договори за јавните набавки** – со цел зголемување на транспарентноста и отчетноста во јавните набавки на ЕСЈН воведена е можност за објава на склучените договори за јавни набавки, при што целокупната јавност има увид во истите. Со оваа надградба се овозможува мониторирање на постапките за јавби набавки односно контрола на договорите и дали истите се склучени согласно објавените услови и барања во тендерската документација и техничката спецификација.

Како дел од активностите од добиениот грант од Светска банка преку „SAFE“ Фондовите на ЕУ, преку Проектот за зајакнување на електронскиот систем за јавни набавки со нови алатки (Technical assistance for upgrading of the electronic system for public procurement (ESPP) with new e-procurement tools) Бирото за јавни набавки направи три поголеми надградби на електронскиот систем за јавни набавки и тоа:

- **Преглед на тендерска документација** - на сите заинтересирани страни им се овозможува преглед на тендерските документации на тековните постапки директно во пребарувачот без потреба од годишна претплата, регистрација и најава на системот. Со ова подобрување се очекува зголемување на конкуренцијата и се обезбедува пристап на економските оператори кои не се регистрирани на системот до техничките спецификации и потребните документи за учество на постапките. По извршениот увид економските оператори доколку се заинтересирани и ги исполнуваат условите утврдени во

тендерскта документација се регистрираат на ЕСЈН и учествуваат во постапките за јавни набавки.

- **Објава на огласи од меѓународни институции** – модулот „Заеми/донации/грантови“ е изработен со цел зголемување на информираноста и можноста за пристап до огласите за јавни набавки кои се спроведуваат од Светска банка, ЕБРД, Фондовите на ЕУ, како и други финансиски институциии и донори, а кои се однесуваат на набавки кои се реализираат во Македонија. Оваа алатка е имплементирана со цел да и се даде можност на целокупната јавност да се запознае со набавките кои ги објавуваат меѓународните институции во согласност со законските прописи, а кои се наменети за Република Македонија. Со примена на овој модул, потенцијалните понудувачи (корисници на ЕСЈН), навреме се информираат и за постапките кои се спроведуваат во РМ по правила на меѓународните финансиски институции и со тоа се зголемува транспарентноста и конкуренцијата.
- **Електронско плаќање фактури** – електронското плаќање на профактурите за годишна претплата на економските оператори и фактурите за надоместоците за користење на ЕСЈН за договорни органи овозможува автоматско активирање на економските оператори веднаш по извршеното плаќање, како и намалување на трансакциските трошоци на странските економски оператори.

Задолжителната употреба на електронскиот систем во спроведувањето на јавните набавки повлекува идни планови за надградување на системот и развој на нови иновативни алатки за зголемување на транспарентноста и отчетноста во јавните набавки, олеснување кај набавките од мала вредност и стандардизирани производи како и поедноставен и олеснет процес во целиот тек на постапката. Како дел од планираните поголеми надградби и нови функционалности на ЕСЈН кои ќе

произлезат од новото законско решение за јавните набавки кое е во фаза на изработка на краток и среден рок се:

- Објавување на годишните планови за јавни набавки на ЕСЈН од страна на договорните органи;
- Воведување единствен документ за докажување способност;
- Концепт на е-пазар и набавки од мала вредност;
- Можности за користење на е-каталози;
- Имплементација на електронска жалба;
- Објава на договорите за јавни набавки и следење на реализација на истите;
- Архивирање и back-up на податоците на ЕСЈН;
- Анализа на потребата од воведување на прикачување на дигитални сертификати на ниво на апликација.

*Во поглед на користењето на системот, а како резултат на сите досега спроведени активности, за 2017 година позначајни показатели се:*

*- корисници на ЕСЈН се 1.438 договорни органи и преку 6.608 активни економски оператори;*

*- објавени се **17.227** огласи, **27.031** известувања од различен вид и **17.220** тендерски документации;*

*- спроведени се вкупно **43.652** аукции*

Имајќи ги во предвид основните карактеристики на електронските системи за јавни набавки ПОЛЕСНО, ПОБРЗО, ПОЕФТИНО (easy, faster, cheper) со сигурност може да се каже дека со е-набавките се поедноставува начинот на спроведување на постапките, се постигнуваат подобри резултати, се олеснува и забрзува комуникацијата помеѓу договорните органи и економските оператори, се намалува времетраењето на постапките, се зголемува транспарентноста и фер конкуренцијата, а исто така и се намалуваат трошоците преку подобрување на ефикасноста на јавните расходи. Дополнително, електронските набавки ја зголемуваат довербата во системот за јавни набавки што се забележува преку зголемена регистрација на ЕСЈН и учеството на малите и средни претпријатија.

И покрај многубројните придобивки кој произлегуваат од користењето на ЕСЈН, од моментот на воведување на ЕСЈН договорните органи и економските оператори се соочуваа со повеќе предизвици од неговото користење, кои во најголем број случаи се однесуваа на: страв од непознатото и отпор за менување на добро познатиот начин на спроведување на постапките за

јавни набавки во хартиена форма; недоволно познавање на информатичко-комуникациската технологија; недоверба во новите технологии за преземање на дејствијата поврзани со постапките за јавни набавки итн.

За надминување на потешкотиите и предизвиците со кои се соочуваат корисниците при користењето на системот, Бирото за јавни набавки спроведува континуирани обуки за корисниците кои вклучуваат и практични вежби за користење на системот, изработени се Прирачнициза користење на системот за договорни органи и економски оператори кои постојано се ажурираат, а Секторот за следење и управување со ЕСЈН овозможува постојана поддршка при користењето на системот и развива алатки за негово полесно совладување и употреба.

Во поглед на користењето на системот, а како резултат на сите досега спроведени активности, во 2017 година постигнато е следното:

- системот го користат 1.438 договорни органи (со вкупно 19.643 корисници во рамките на ДО од кои 14.609 се активни корисници) и 6.608 активни економски оператори (од вкупно регистрирани 13.728 ЕО);
- над 862 одговорени прашања преку линкот прашања и одговори на ЕСЈН поставени од договорни органи и економски оператори во врска со начинот на функционирање и користење на ЕСЈН во текот на 2017 година;
- преку центарот за корисничка поддршка примени се вкупно 9.797 повици кои се однесуваат на ЕСЈН;
- објавени се 17.227 огласи и 27.031 известувања од различен вид;
- вкупно објавени тендерски документации – 17.220;
- спроведени се 43.652 аукции, односно во просек над 166 аукции дневно (само работни денови).

Во поглед на посетеноста и користењето на системот во 2017 година, податоци се дадени во следниве табели и графикони:

Табела 6.1

| Прегледи на страни | |
|---|---|
| Вкупно прегледи на страни | 13.456.704 |
| Просечно прегледи на страни по ден | 53.400 |
| Просечно прегледи на страни по посетител | 10 |
| **Посетители** | |
| Вкупно посетители | 1.339.323 |
| Просечно посетители по ден | 5.315 |
| Вкупно уникатни ИП адреси | 135.225 |

Според податоците од Електронскиот систем за јавни набавки во 2017 година ЕСЈН ја посетиле 1.339.323 посетители од кои 10% (125.941 посетители) нови посетители и 90% (1.213.382 посетители) постојани посетители. Најмногу посети имало во месец декември (137.939 посетители), а најмногу посети имало на ден 20.12.2017 година – 7.855 посети.

Графикон 6.1 – Посети на ЕСЈН




Графикон 6.2 – Пристапи на месечно ниво



Графикон 6.3 – Активности по ден во неделата




Графикон 6.4 – Активности по час во денот




Графикон 6.5 – Посетители по држави




Графикон 6.6 –Најголеми препраќачи




Графикон 6.7 – Веб-прелиструвачи на посетители




Графикон 6.8 – Тип на уреди



# 7. Анализа на пазарот за јавни набавки во 2017 година

*Во 2017 година се доделени 27.031 договори за јавни набавки во вкупна вредност од околу 38.2 милијарди денари или преку 621 милиони евра*

Во оваа глава е дадена квалитативна и квантитативна анализа на пазарот на јавните набавки во Република Македонија за 2017 година. Податоците се категоризирани по разни параметри и видови, со цел подобро да се согледа состојбата во областа на јавните набавки, финансиските текови и импликациите врз јавната потрошувачка преку спроведените набавки. Прикажаните податоци кои се дадени во овој извештај се однесуваат на огласите за доделување на договор за јавна набавка, конкурси за избор на идејно решение, прилози, поништувања и сите договори склучени за јавни набавки во дадениот период. Сите наведени обрасци се објавени и јавно достапни за прегледување на ЕСЈН.

Прибраните податоци се анализираат со употреба на модулот за следење и статистички приказ на трендовите во јавните набавки, имплементиран на Електронскиот систем за јавни набавки. Базата на податоци на ЕСЈН е единствена од ваков вид во Република Македонија и ги отсликува целокупните и реални случувања во областа на јавните набавки во земјава и сите анализи се направени со помош на алатката - Business Intelligence Semantic Model (BISM) за статистички извештаи и со тоа овозможено е напредно филтрирање, правење бројни анализи за процесот на јавни набавки и споредба на движењето на трендовите за различни временски интервали со што се овозможува да се прават уште по детални анализи од базата на ЕСЈН. Потребно е да се напомене дека уште во 2014 година се направени измени и ревидирање во начинот на пресметување и статистичкиот приказ на извештаите добиени од Електронскиот систем за јавни набавки поради воведувањето на новите законски решенија и обврски како што се проценета вредност и конечна цена.

Алатката за навремено и задолжително доставување на информации за постапките, воведена на ЕСЈН, овозможува прибирање на целосни и релевантни податоци и вршење на компаративна анализа на податоците која ги опфаќа сите договорни органи и сите спроведени постапки за јавни набавки, па затоа дадените податоци во понатамошниот текст даваат целосна слика за состојбата на пазарот на јавните набавки за 2017 година. Сепак, треба да се напомене дека точноста на дадените податоци, може да отстапува со минимална статистичка грешка, која што се должи на неправилно внесување на некои од вредностите при пополнувањето на известувањата на ЕСЈН. Имено, одговорност на договорните органи е правилно да ги пополнуваат електронските обрасци, а поради видот и обемот на процесот на пополнување, не е можно автоматска контрола или прегледување на пополнетите обрасци од страна на Бирото.

*Уделот на јавните набавки во вредноста на БДП во Македонија за 2017 г. изнесува 6%*

Бројката на доделени договори за јавни набавки за 2017 година, добиена од базата на податоци на ЕСЈН изнесува – **27.031** договори за јавни набавки, во вкупна вредност од **38.196.765.364 денари** (околу 38.2 милијарди ден.) или приближно 621 милиони евра. Вредноста на јавните набавки во државата за 2017 година изнесува 6% од БДП и 19% од Буџетот на Република Македонија. Според податоците со кои располага Бирото, вредноста на склучените договори во 2017 година, споредено со претходната година е намалена за околу 35%, додека бројот на склучените договори (30.168 склучени договори минатата година) е намален за 10% во однос на 2016 година.

*Уделот на јавните набавки во буџетот на Република Македонија за 2017 г. изнесува 19%*

Во графикон бр. 7.1. и графикон 7.2 е прикажана споредба на бројот и вредноста на склучените договори во изминатите три години. Споредбени податоци за обемот на јавните набавки како удел во БДП-то и буџетот за 2017 година се дадени во табела бр.7.1

Графикон 7.1




Графикон 7.2




Табела 7.1

| Година | Вредност на склучените договори за јавни набавки | Јавните набавки како процент од Буџетот | Јавните набавки како процент од БДП |
|---|---|---|---|
| 2017 | 38.2 милијарди денари | 19%[6] | 6%[7] |
| 2016 | 58.8 милијарди денари | 30% | 10% |
| 2015 | 46.5 милијарди денари | 25% | 8% |

[6] „Буџет на Република Македонија за 2017 година“ – преземено од веб страната на Министерството за финансии.
[7] „Бруто-домашен производ, четврто тримесечје од 2017 година“ – преземено од веб страната на Државен завод за статистика.

## 7.3. Податоци од огласите за доделување на договори за јавни набавки

*Во 2017 година објавени се 17.227 огласи за доделување на договори за јавни набавки*

Во 2017 година се објавени 17.227 огласи за доделување на договори за јавни набавки, од кои 7.619 огласи за барање за прибирање на понуди со проценета вредност до 5.000 евра во денарска противвредност, 5.315 огласи за барање за прибирање на понуди со проценета вредност на договорот за јавна набавка за стоки и услуги до 20.000 евра во денарска противвредност и на работи до 50.000 евра во денарска противвредност, 4.259 огласи за отворена постапка, 8 објавени огласи за постапка со преговарање со претходно објавувањ, 19 огласи за воспоставување на квалификациски систем и 7 објавени огласи за конкурс за избор на идејно решение.

Во Табела бр. 7.2 и Графикон бр. 7.3 даден е приказ на бројот на објавени огласи според видот на постапката.

Табела 7.2

| Вид на постапка | Број на огласи |
|---|---|
| Барање за прибирање на понуди (m)[8] | 7.619 |
| Барање за прибирање на понуди | 5.315 |
| Отворена постапка | 4.259 |
| Ограничена постапка | 0 |
| Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас | 8 |
| Квалификациски систем | 19 |
| Конкурс за избор на идејно решение | 7 |
| **Вкупно** | **17.227** |

[8] (m) - постапка со барање за прибирање до 5.000 евра во денарска противвредност

Графикон 7.3




*Најмногу огласи за доделување на договор во 2017 година се објавени со постапка со барање за прибирање на понуди, вкупно 12.934*

Најмногу огласи за доделување на договор во 2017 година се објавени со постапка со барање за прибирање на понуди, вкупно 12.934 и со отворена постапка 4.259 огласи. Од вкупно 12.934 огласи со барање за прибирање на понуди, 7.619 се огласи кои се објавени за постапки со проценета вредност до 5.000 евра во денарска противвредност.

Во 2017 година објавени се вкупно 17.227 огласи за доделување на договор за јавна набавка, и може да се констатира дека бројот на објавени огласи е намален од 2016 година кога биле објавени 18.444 огласи. Незначително е намален бројот на огласи кај постапките со барање за прибирање на понуди каде оваа година се објавени 12.934 огласи, во однос на 2016 година каде се објавени 13.862 огласи. Кај отворена постапка се објавени 4.259 огласи, во споредба со 2016 година каде се објавени 4.530 огласи. Намалување се забележува и кај бројот на објавени постапки со преговарање со претходно објавување на оглас и кај постапките за конкурс за избор на идејно решение, а додека зголемен е бројот на постапките за воспоставување на квалификациски систем кој го користат секторските договорни органи. Во 2017 година нема објавени огласи за ограничена постапка и постапка со конкурентен дијалог. Во 2017 година објавени се вкупно 19 огласи

за квалификациски систем додека во 2016 година се објавени 16 огласи за воспоставување на квалификациски систем. Од вкупниот број на објавени огласи во 2017 година, објавени се 4 огласи за воспоставување на јавно приватни партнерства кои се доделуваат како договор за јавна набавка.

Во графикон број 7.4 е даден односот на објавени огласи на најкористените постапки – отворена и барање за прибирање на понуди – за последните три години.

Графикон 7.4




Во категоријата *Други огласи* од страна на договорните органи на системот се објавени вкупно 593 огласи во 2017 година. Станува збор за огласи за доделување на договори за јавна набавка на таканаречени „неприоритетни“ услуги[9] согласно член 17 став 1 алинеја 2 од законот како што се, хотелски, угостителски, рекреативни, културни, образовни, правни, здравствени и други услуги.

[9] Со законот за изменување и дополнување на законот за јавните набавки објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 130/2014, услугите за привремено вработување од член 17 став 1 алинеја 2 преминаа во алинеја 1

На Електронскиот систем за јавни набавки во посебен модул за концесии за јавни работи и јавни услуги се објавуваат и огласите за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство кое се остварува како концесија за јавна работа или како концесија за јавна услуга согласно член 19 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство. Во 2017 година објавени се вкупно 4 вакви огласи.

Од анализата на бројот на огласите според видот на предметот на договорот за јавна набавка, се забележува дека најмногу огласи за доделување на договор се објавени за набавка на стоки, и тоа 9.383 огласи, за услуги се објавени – 6.526, и за работи – 1.318 огласи. Објавените огласи за доделување на договор според видот на договорот за јавна набавка се дадени во табела бр. 7.3 и графикон бр. 7.5. Компаративни податоци за последните 3 години се дадени во графикон бр. 7.6.

Табела 7.3

| Вид на договорот за јавна набавка | Број на огласи |
|---|---|
| **Стоки** | 9.389 |
| **Услуги** | 6.526 |
| **Работи** | 1.318 |
| **Вкупно** | **17.227** |

Графикон 7.5



Графикон 7.6




Во наредните неколку табели дадени се подетални податоци за објавените огласи за доделување на договор, според видот на договорот и начинот на реализација на истиот.

Табела 7.4

| Вид на договорот за јавна набавка – Стоки | Број на огласи |
|---|---|
| **Купување** | 4.833 |
| **Купување со одложено плаќање** | 4.517 |
| **Изнајмување со опција за купување на стоките** | 3 |
| **Изнајмување без опција за купување на стоките** | 22 |
| **Комбинација на претходните** | 8 |
| **Вкупно** | **9.383** |

Табела 7.5

| Вид на договорот за јавна набавка – Услуги | Број на огласи |
|---|---|
| **Услуги за одржување и поправка** | 1922 |
| **Архитектонски и инженерски услуги** | 587 |
| **Финансиски услуги** | 521 |
| **Телекомуникациски услуги** | 488 |
| **Услуги за копнен транспорт** | 468 |
| **Информатички и поврзани услуги** | 423 |
| **Други услуги** | 336 |
| **Издавачки и печатарски услуги** | 335 |
| **Услуги за отстранување на отпадни води и на смет** | 210 |

| | |
|---|---|
| Здравствени и социјални услуги | 195 |
| Услуги за привремено вработување | 170 |
| Сметководствени, ревизорски и книговодителски услуги | 157 |
| Услуги за воздушен транспорт на луѓе и товар | 125 |
| Истражни и безбедносни услуги | 114 |
| Услуги за чистење на објекти и услуги за управување со имот | 102 |
| Хотелски и угостителски услуги | 99 |
| Услуги за копнен и воздушен транспорт на поштенски пратки | 40 |
| Образовни услуги и услуги за стручно усовршување | 38 |
| Советодавни услуги за менаџментот | 35 |
| Рекламни услуги | 34 |
| Рекреативни, културни и спортски услуги | 32 |
| Дополнителни транспортни услуги | 31 |
| Услуги за развој и истражување | 29 |
| Правни услуги | 19 |
| Услуги за истражување на пазарот и истражување на јавното мислење | 13 |
| Комбинација на претходните | 8 |
| Изнајмување со опција за купување на стоките | 3 |
| **Вкупно** | **6.526** |

Табела 7.6

| Вид на договорот за јавна набавка – Работи | Број на огласи |
|---|---|
| Изведување | 1.194 |
| Проектирање и изведување | 21 |
| Реализирање, со какви било средства | 103 |
| **Вкупно** | **1.318** |

*Во 2017 година најмногу огласи – 10.345имаат објавено договорни органи од категорија правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес - Член 4 став 1 алинеја б) од законот*

Вкупниот број на објавени огласи за доделување на договор според категорија на договорни органи, согласно член 4 од Законот за јавните набавки и Одлуката за утврдување на индикативниот список („Службен весник на Република Македонија“ бр. 159/07 и 74/09) е прикажана во табела бр. 7.7 и графикон бр. 7.7.

Табела 7.7

| Категорија на договорен орган | Број на огласи |
|---|---|
| Државни органи | 2.099 |
| Органи на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје | 2.571 |

| | |
|---|---|
| **Правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес – Член 4 став 1 алинеја б) од Законот** | 10.345 |
| **Здруженија основани од еден или повеќе договорни органи** | 27 |
| **Јавни претпријатија, акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност од опфатени дејности** | 2.090 |
| **Други договорни органи** | 95 |
| **Вкупно** | **17.227** |

Графикон 7.7




Од анализата на податоците за објавени огласи за доделување на договор според категорија на договорен орган, може да се види дека најмногу огласи – 10.345 имаат објавено договорни органи од категорија правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес - Член 4 став 1 алинеја б) од законот и договорни органи од категоријата на органи на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје – 2.571 огласи.

При разгледување на податоците од огласите, односно кој вид на критериум за доделување на договор за јавни набавки договорните органи го користеле во спроведените постапки, може да утврдиме дека критериумот најниска цена се користи задолжително скоро во сите огласи во однос на критериумот економски најповолна понуда. Во табелата бр. 7.8 се дадени податоци за бројот на објавени огласи според критериумот за доделување на договорот за јавна набавка кој е користен во

постапката. Согласно законските измени од 01.05.2014 година (Сл.весник на РМ бр.148/2013) критериумот најниска цена задолжително се користи како критериум за доделување на договорите за јавни набавки по исклучок, критериум за доделување на договор за јавна набавка може да биде економски најповолна понуда.

*Во **99,9%** од вкупно објавените огласи, критериум за доделување на договорот за јавна набавки е најниска цена, односно само 10 огласи биле објавени со користење на критериумот ЕНП*

Поради оваа законска измена може да се констатира значително намалување во бројот на објавени огласи каде се користи критериумот економски најповолна понуда. Во 2016 година се објавени 16 огласи со критериум економски најповолна понуда, додека во 2017 објавени се само 10 огласи користејќи го овој критериум. Потребно е да се напомене дека во овие податоци не се опфатени некои од огласите за ограничена постапка и постапка со преговарање со претходно објавување на оглас затоа што во зависност од сложеноста на предметот на набавка договорниот орган што го објавува огласот, критериумот може да не го објави во огласот туку го наведува во тендерската документација за наредната фаза од постапката.

Табела 7.8

| Критериум за доделување на договор | Број на огласи |
|---|---|
| **Најниска цена** | 17.210 |
| **Економски најповолна понуда** | 10 |

Табела 7.9

| Економски најповолна понуда | |
|---|---|
| **Договорен орган** | **Предмет на набавка** |
| Централен регистар | Стратегија за воведување на нов модел на услуги,акционен план и буџет за воспоставување на единствена точка за контакт со корисниците |
| ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања - Охрид | Телекомуникациски услуги од мобилна телефонија |
| ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања - Охрид | Телекомуникациски услуги од мобилна телефонија |
| Град Скопје | Изработка на видеопрезентација за Град |

| | |
|---|---|
| | Скопје |
| Републички Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на РМ | Услуги за осмислување и реализација на кампањите на Советот, согласно програмата за работа и акциониот план за 2017 год. |
| ЕВН Македонија АД- Скопје | Набавка на нови возила |
| АД Електрани на Македонија - Скопје | Консултантски услуги од областа на електротехничките и информациските технологии, градежништво, машинство и рударство |
| Агенција за електронски комуникации | Консултантски услуги за развој на модел за тестови за економска репликабилност на големопродажни услуги . |
| Општина Зелениково | Воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба, оперирање, управување и одржување на спортско рекреативен центар за голф терени и пропратни содржини во функција на центарот |
| ОУ Сами Фрасери | Екстра лесно 1(ел-1) масло за греење |

Во графиконот бр. 7.8 е прикажана динамиката на објавување на огласите по месеци. Од овој графикон може да се види најголем број на огласи се објавени во месец март како и во месец ноември и декември 2017 година.

Графикон 7.8



## 7.4. Склучени договори за јавни набавки

*Вредноста на склучените договори во 2017 година изнесува 38.2 милијарди денари*

*Во однос на минатата година, вредноста на склучените договори е намалена за 35 %*

Анализата на податоците за склучени договори за јавни набавки опфаќа приказ на податоците за склучените договори во 2017 година по различни параметри. Податоците се однесуваат главно на вкупниот број на склучени договори и вредност на јавните набавки, но кај некои параметри поради поставеноста на самиот ЕСЈН (во зависност од тоа дали податоците се добиваат од известувањата за склучен договор или од евиденцијата на постапки со барање за прибирање на понуди) податоците се групирани и се однесуваат само на постапките - отворена, ограничена, постапка со преговарање со и без објавување на оглас, конкурентен дијалог и доделување на договор за набавка на услуги од членот 17 алинеја 2 над 20.000 евра во денарска противвредност без вклучен ДДВ. Ваквите табели и графикони посебно се обележани подолу во текстот. Сите податоци во врска со склучените договори за јавни набавки се објавени на ЕСЈН https://e-nabavki.gov.mk и се целосно достапни на јавноста. Договорните органи се одговорни за веродостојноста и точноста на внесените податоци бидејќи со своите кориснички имиња и лозинки преку ЕСЈН ги објавуваат своите огласи, известувања за склучени договори/поништување на постапките, евиденција на постапките со барање за прибирање на понуди.

Бројот и вредноста на склучените договори за јавни набавки за 2017 година според видот на постапката за доделување на договорот се претставени во табела бр. 7.10 и графиконот бр. 7.9. Вкупната вредност на склучените договори за јавни набавки во 2017 година е намалена за околу 35% во споредба со 2016 година и изнесува 38.196.765.364 денари. Најкористена постапка според вредноста на склучените договори е отворената постапка преку која се склучени 9.128 договори во вредност од 28.870.450.065 ден., односно 76% од вкупната вредност на јавните набавки во Република Македонија. По отворената постапка, следи постапката со барање за прибирање на понуди со вредносен праг

над 5.000 евра - склучени 7.823 договори во вредност од 3.307.661.369 ден. – 9% од вкупната вредност.

Табела 7.10

| Вид на постапка за доделување на договор | Број на склучени договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|
| **Постапка со барање за прибирање на понуди(m)** | 7.957 | 1.032.298.336 ден. |
| **Постапка со барање за прибирање на понуди** | 7.823 | 3.307.661.369 ден. |
| **Отворена постапка** | 9.128 | 28.870.450.065 ден. |
| **Квалификациски систем** | 52 | 2.008.052.938 ден. |
| **Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас** | 11 | 480.551.321 ден. |
| **Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас** | 497 | 1.796.461.470 ден. |
| **Доделување на договор за јавна набавка за категорија на услуги 17-27 (вкупно)** | 1.563 | 701.289.864 ден. |
| **Вкупно** | **27.031** | **38.196.765.365 ден.** |

Графикон 7.9




Во поглед на користење на различните видови постапки во споредба со минатите години забележливи се одредени трендови и минимални разлики во однос на минатите две години. Имено, најголем процент од вредноста на склучените договори отпаѓа на отворената постапка (во 2015 - 76%, во 2016 - 76%, во 2017 - 75%).

Уделот на постапката со преговарање со објавување на оглас се движи во границите на 1% од вредноста на склучени договори (во 2017 - 1%, во 2016 година помалку од 1%, во 2015 - 1%). Се забележува минимално зголемување на уделот на постапката со преговарање без објавување на оглас (5% во 2017) во однос на претходните две години кога бил 4%. За овој тип на постапка во 2015 година имало 969 договори со вредност од 1.802.347.717 денари, во 2016 година бројот на договорите изнесува 608 договори, но со поголема апсолутна вредност – 2.283.333.753 денари, додека во 2017 година се забележува намалување на бројот на склучени договори (497 договори) и на вредноста на склучените договори - 1.796.461.470 денари. Подетални податоци за постапките со преговарање ќе бидат презентирани во натамошниот текст на овој извештај. Обемот на останатите постапки е приближно ист во поглед на вредноста на склучените договори. Во 2017 година нема ниту еден склучен договор со ограничена постапка. Споредбени податоци се дадени во графикон бр. 7.10, 7.11 и 7.12.

Графикон 7.10




Графикон 7.11




Графикон 7.12



## 7.4.1. Податоци за склучените договори според видот на договорот за јавна набавка

Според предметот на договорот за јавна набавка во 2017 година склучени се 16.785 договори за набавка на стоки со вкупна вредност од 18.508.281.093 денари, 8.998 договори за набавка на услуги во вкупна вредност од 12.218.816.977 денари и 1.248 договори за набавка на работи во вкупна вредност од 7.469.667.295 денари. Во графикон бр. 7.13 и табелата бр. 7.11 дадени се подетални податоци за бројот и вредноста на договорите според видот на предметот на договорот.

*Според видот на договорот за јавна набавка, најголем дел (48%) од вредноста на договорите за јавни набавки отпаѓа на набавка на стоки*

Табела 7.11

| Вид на договорот за јавна набавка | Број на склучени договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|
| **Стоки** | 16.785 | 18.508.281.093 ден. |
| **Услуги** | 8.998 | 12.218.816.977 ден. |
| **Работи** | 1.248 | 7.469.667.295 ден. |
| **Вкупно** | **27.031** | **38.196.765.365 ден.** |

Графикон 7.13




Најголем дел (48%) од вредноста на договорите за јавни набавки отпаѓа на набавка на стоки. Најчесто користени начини на реализација на договорот за набавка на стоки се купување и купување со одложено плаќање. Од споредбата на податоците за

вредноста на склучените договори според видот на договорот се забележува дека во 2017 година има зголемување на уделот на набавките на стоки за 5 процентни поени, уделот на набавките на услуги исто така е зголемен за 14 процентни поени, додека уделот на набавката на работи е намален за 19 процентни поени во однос на претходната година. Вредносниот удел на договорите за услуги, во вкупната вредност на јавните набавки во 2017 година изнесува 32% (во 2016 бил 18%, додека во 2015 истиот изнесувал 26%). Во нивната структура може да се забележи различна застапеност на категориите на услуги согласно Уредбата за услугите кои се предмет на договорите за јавна набавка на услуги („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 157/07). Најголем дел од вредноста на договорите за јавна набавка на услуги отпаѓа на договорите за набавка на услуги за одржување и поправка (категорија бр.1), други услуги (категорија 27) и услуги за архитектонски и инжињерски услуги (категорија бр.12). Уделот на договори за работи во вкупната вредност на договорите изнесува 20% (најчесто изведување). Овој податок говори дека во однос на 2016 година уделот на набавките на работи е намален за 19 процентни поени.

### 7.4.2. Податоци за склучените договори според категорија на договорен орган

Во понатамошниот текст се презентирани бројот и вредноста на склучените договори по категорија на договорен орган и негова главна активност или дејност (табела бр. 7.12 и графикон бр. 7.14).

Графикон 7.14




Табела 7.12

| Категорија на договорен орган | Главна активност | Број на договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|---|
| А. Државни органи | Општи јавни услуги | 1.614 | 1.238.132.936 ден. |
| | Одбрана | 201 | 517.301.103 ден. |
| | Јавен ред и безбедност | 204 | 842.104.490 ден. |
| | Животна средина | 33 | 95.398.230 ден. |
| | Домување, градежништво и транспорт | 24 | 8.212.090 ден. |
| | Економија и финансии | 172 | 225.355.357 ден. |
| | Здравство | 61 | 663.218.768 ден. |
| | Социјална заштита | 87 | 24.088.338 ден. |
| | Спорт и култура | 16 | 651.669.506 ден. |
| | Образование | 133 | 919.375.996 ден. |
| | Друго | 142 | 74.408.302 ден. |
| | **Вкупно А.** | **2.687** | **5.259.265.116 ден.** |
| Б. Органи на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје | Општи јавни услуги | 2.830 | 4.981.834.255 ден. |
| | Спорт и култура | 19 | 18.016.997 ден. |
| | Образование | 3 | 1.418.307 ден. |
| | **Вкупно Б.** | **2.852** | **5.001.269.559 ден.** |
| | Општи јавни услуги | 3.027 | 4.509.124.750 ден. |
| | Јавен ред и безбедност | 173 | 82.091.919 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| В. Правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес – Член 4 став 1 алинеја б) од Законот | Животна средина | 309 | 215.167.957 ден. |
| | Економија и финансии | 12 | 3.214.500 ден. |
| | Здравство | 7.865 | 7.288.271.159 ден. |
| | Социјална заштита | 1.583 | 754.415.639 ден. |
| | Спорт и култура | 584 | 321.222.108 ден. |
| | Образование | 4.544 | 2.013.189.604 ден. |
| | Друго | 310 | 791.131.505 ден. |
| | **Вкупно В.** | **18.407** | **15.977.829.141 ден.** |
| Г. Здруженија основани од еден или повеќе договорни органи | Спорт и култура | 10 | 5.155.821 ден. |
| | Друго | 27 | 10.232.362 ден. |
| | **Вкупно Г.** | **37** | **15.388.183 ден.** |
| Д. Јавни претпријатија, акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност од опфатени дејности | Општи јавни услуги | 1.630 | 2.898.468.649 ден. |
| | Животна средина | 15 | 12.533.306 ден. |
| | Домување, градежништво и транспорт | 53 | 397.766.494 ден. |
| | Економија и финансии | 18 | 3.505.412 ден. |
| | Спорт и култура | 13 | 5.071.509 ден. |
| | Друго | 1.194 | 6.165.876.291 ден. |
| Друштво за трговија на нафтени деривати и услуги ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | 343.336.045 |
| Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје | 328.962.391 |
| Друштво за трговија, производство и услуги ФЕНИКС ФАРМА ДООЕЛ Скопје | 324.593.955 |
| Друштво за градежништво, трговија и услуги НБ-ЦОМПАНУ ДОО Тетово | 297.444.887 |
| Друштво за услуги СЕКЈУРИТИ ГРУП СЕРВИСИС ДООЕЛ Скопје | 291.319.451 |
| Друштво за производство и промет на хемиски и козметички производи ЕЛБИЈОР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 288.589.041 |
| Друштво за промет МАКЕДОНИЈАЛЕК ДОО Скопје | 282.012.808 |

Во понатамошниот текст се презентирани податоци за број и вредност на склучени договори по категорија на понудувач и по земја на потекло на носителот на набавката. Имено, потребно е да се напомене дека во 2012 година беше воведена годишна

претплата за користење на услугите кој ги нуди Електронскиот систем за јавни набавки. Големината на надоместокот кој го плаќаат економските оператори зависи од големината на компанијата според регистрацијата во Централен Регистар на РМ, согласно со Тарифникот за висината на надоместоците за користење на Електронскиот систем за јавни набавки. Во однос на горе наведеното на Електронскиот систем за јавни набавки регистрирани и активни се 6.608 економски оператори кои според категоријата на понудувач се претставени во Табела 7.23

*Малите и средни компании заземаат најголемо учество (68%) од вредноста на склучените договори по категорија на понудувач.*

Табела 7.23

| Регистрирани економски оператори според категорија на понудувач | |
|---|---|
| ***Категорија на понудувач*** | ***Активни економски оператори*** |
| **Микро** | 2.054 |
| **Мали и средни** | 3.984 |
| **Голем** | 176 |
| **Странски** | 344 |
| **Физичко лице** | 50 |

*Големите претпријатија иако се само 176 регистрирани и активни на ЕСЈН во 2017, имаат вредносен удел од 27% во вкупната вредност на склучени договори*

Табела 7.24

| Број и вредност на склучени договори по категорија на понудувач | | |
|---|---|---|
| | Број на склучени договори | Вредност на склучени договори |
| **Микро** | 2.605 | 1.21 милијарди ден. |
| **Мал и среден** | 20.331 | 25.8 милијарди ден. |
| **Голем** | 4.011 | 10.23 милијарди ден. |
| **Странски** | 67 | 953 милиони ден. |
| **Физичко лице** | 17 | 4.3 милиони ден. |

Графикон 7.18




*Од податоците може да се утврди дека на пазарот на јавните набавки во Република Македонија главен удел имаат домашните компании со 95% од вредноста на доделените договори за јавни набавки*

Од анализа на податоците за бројот и вредноста на склучени договори по категорија на понудувач (Табела бр. 7.24), се согледува дека во 2017 година најголем број на склучени договори (20.331 договори) припаѓаат на категоријата мали и средни компании и тоа 68% од вкупната вредност на склучени договори. Имено, вредносниот удел на категоријата голем трговец изнесува 27% (4.011 склучени договори), додека најмала застапеност завземат микро компаниите на кои отпаѓаат 3% од вкупната вредност на јавните набавки (склучени 2.605 договори), имајќи предвид дека истите земаат најголемо учество кај постапките со барање за прибирање на понуди.

Разгледувано по земјата на потекло на носителот на набавката, податоци се дадени во табела бр. 7.25 и графикон бр. 7.19

Табела 7.25

| Земја на потекло на носителот на набавката | Број на склучени договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|
| **Македонија** | 26.964 | 37.24 милијарди ден. |

| | | |
|---|---|---|
| ЕУ[10] | 42 | 407 милиони ден. |
| Други[11] | 25 | 545 милиони ден. |

Графикон 7.19




Од податоците во табела 7.26 и графикон 7.19 може да се утврди дека на пазарот на јавните набавки во Република Македонија главен удел имаат домашните компании со 97% од вредноста на доделените договори за јавни набавки. Странските компании како носители на набавките во договорите за јавни набавки во 2017 година учествуваат со удел од 3%. Вредноста и процентот на доделени договори на компании надвор од Македонија е намален во споредба со минатите години (8% во 2015, 5% во 2016).

## 7.5. Податоци од известувањата за поништување на постапките

Од анализата на податоците за бројот на поништувања во 2017 година се согледува дека преку ЕСЈН се поништени вкупно 2.802 постапки. Овој податок се однесува само за поништување на

10 Велика Британија, Индија, Канада, Косово, Норвешка, Србија, Швајцарија

11 Австрија, Бугарија, Германија, Италија, Романија, Словачка, Словенија, Хрватска, Чешка, Шпанија

цела постапка, а не и на поништување на деловите. Во графиконот бр. 7.20 се дадени податоци за поништување на постапки според видот на постапката.

Графикон 7.20




*Најчеста причина за поништување на постапките во 2017 година е тоа дека не е поднесена ниту една понуда*

Оваа година е намален бројот на поништувања за 79 помалку во однос на претходната година каде имаше 2.881 поништувања на постапки .

Графикон 7.21



Во табелата 7.26 се дадени причините поради кои се поништени постапките. Може да се констатира дека во 2017 година, најчесто се поништувани поради следниве причини:

- не е поднесена ниту една понуда
- не е поднесена ниту една прифатлива понуда
- понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот
- договорниот орган оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци и не е поднесена ниту една соодветна понуда

Табела 7.26

| Информации за причината на поништувањето на постапката или поништување на делови од постапката | Број на пон. на постапки | Број на пон. на делови |
|---|---|---|
| **бројот на кандидати е понизок од минималниот број предвиден за постапките за доделување на договор за јавна набавка согласно со овој закон** | 1 | 1 |
| **не е поднесена ниту една понуда** | 775 | 708 |
| **не е поднесена ниту една прифатлива понуда** | 388 | 205 |
| **не е поднесена ниту една соодветна понуда** | 303 | 156 |
| **се поднесени прифатливи понуди кои не можат да се споредат поради различниот пристап во техничките или финансиските понуди** | 83 | 15 |
| **настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган** | 82 | 16 |
| **понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот** | 383 | 236 |
| **оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци** | 347 | 7 |
| **поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган** | 104 | 33 |
| **договорниот орган не може да изврши избор на најповолна понуда поради битни повреди на Законот за јавните набавки согласно со член 210 од Законот** | 237 | 27 |
| **избраниот најповолен понудувач се откажува да го потпише договорот** | 6 | 3 |
| **постапката ја поништува Државната комисија за жалби** | 90 | 1 |
| **останати причини (други огласи, конкурс)** | 3 | 0 |
| **Вкупно** | **2.802** | **1.408** |

Табела 7.27

| Договорен орган | Објавени огласи | Поништени постапки | Процент на пон огласи |
|---|---|---|---|
| Министерство за здравство | 26 | 19 | 73% |
| АД Македонска пошта | 90 | 48 | 53% |
| М.Ж Транспорт АД Скопје | 47 | 23 | 49% |
| Министерство за одбрана | 196 | 85 | 43,3 % |
| Општина Велес | 94 | 39 | 41,5% |
| ЈП Македонија пат Скопје | 96 | 35 | 36,5% |
| ЈКП Комуналец Прилеп | 70 | 25 | 35,7% |
| ЈП Водовод и канализација Скопје | 118 | 40 | 34% |
| КЈП Нискоградба Битола | 75 | 25 | 33,3% |
| Јавно сообраќајно претпријатие Скопје | 152 | 50 | 32,9% |
| Општина Карпош | 126 | 40 | 31,7% |
| Министерство за внатрешни работи | 106 | 32 | 30,1% |
| Царинска управа на РМ | 40 | 12 | 30% |
| Општина Охрид | 63 | 18 | 28,5% |
| АД Електрани на Македонија | 384 | 108 | 28,1% |

### 7.5.1. Податоци од обрасците за изменување и дополнување на огласот

Во 2017 година преку ЕСЈН се објавени вкупно 1.054 обрасци за измени и дополнување на содржината на огласот. Најчесто измени и дополнувања се правени кај постапките со барање за прибирање на понуди 598 кај отворена постапка 452, постапка со преговарање со претходно објавување на оглас 2 кај конкурс за избор на идејно решение 1 и квалификациски систем 1.

## 7.6. Електронски постапки

Спроведувањето на постапките за јавни набавки по електронски пат веќе неколку години наназад е една од позначајните заложби на Бирото за јавни набавки, имајќи ги во предвид позитивните ефекти од е-набавките и евидентните

придобивки во поглед на зголемувањето на транспарентноста, конкуренцијата, ефикасноста и остварување на заштеди.

*Евидентни позитивни резултати и придобивки од користењето на е-Набавките*

*Во 2017 година продолжува примената на задолжителните електронски јавни набавки*

Согласно измените на Законот за јавни набавки (Сл. весник на РМ бр.78/15), од 2016 година започна задолжителното спроведување на постапките со користење на електронски средства. За придобивките и ефектите од е-набавките ќе посветиме посебно поглавје во извештајот, каде ќе ги истакнеме и главните предности на електронскиот начин на спроведување на постапката, во споредба со хартиениот. Бирото за јавни набавки, како и во изминатите неколку години, и во 2017 продолжи со континуирана едукација во насока на подобро запознавање со алатките на ЕСЈН преку практични вежби и охрабрување на корисниците да го користат ситемот.

Според анализираните податоци за е-набавките во 2017 година може да се констатира дека во голема мера договорните органи ја испочитувале законската обврска за спроведување на постапките по електронски пат. Од вкупно 1.438 договорни органи, 1.098 спровеле отворена, ограничена постапка и постапка со барање за прибирање на понуди во 2017 година. Од нив 833 или скоро 76% ја запазиле законската обврска, односно спровеле најмалку 50% од своите постапки по електронски пат. Кај договорните органи кои неколку години наназад ги увиделе придобивките од е-набавките продолжува континуираното спроведување на постапките по електронски пат во 100% од објавените огласи, а бројот на договорните органи кои преминале кон електронско спроведување на постапките е значително зголемен во 2017 година. Имено, во 2017 година, 363 договорни органи ги спровеле сите постапки целосно електронски, во 2016 година 95 договорни органи ги воделе постапките преку ЕСЈН, додека во 2015 година само 35.

Во продолжение листа на договорни органи со најголем број на спроведени електронски постапки во 2017 година:

Табела 7.28

| Листа на договорни органи со најголем број спроведени е-постапки | | |
|---|---|---|
| **Договорен орган** | **Број на спроведени е-постапки** | **Процент на исполнување на законската обврска** |
| АД Електрани на Македонија - Скопје | 338 | 88,02% |
| Јавно сообраќајно претпријатие СКОПЈЕ | 148 | 97,37% |
| ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје | 128 | 100 % |
| Општина Карпош | 126 | 100 % |
| Народна банка на Република Македонија | 125 | 100 % |
| ЈП Водовод и канализација - Скопје | 118 | 100 % |
| Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија | 114 | 82,01% |
| Општина Кавадарци | 107 | 96,40% |
| Министерство за внатрешни работи на РМ | 106 | 100 % |
| Град Скопје | 103 | 98,10% |
| Општина Битола | 101 | 91,82% |
| ЈЗУ Клиничка болница Битола | 95 | 100 % |
| АД Македонска пошта | 81 | 90,00% |
| ЈП Комунална хигиена Скопје | 78 | 89,66% |
| ЈП Исар - Штип | 77 | 100 % |
| Општина Велес | 76 | 80,85% |
| Македонска академија на науките и уметностите | 79 | 100 % |
| ЈКП Комуналец - Прилеп | 70 | 87,50% |
| КЈП Нискоградба - Битола | 69 | 92,00% |
| ЈЗУ Клиничка Болница Тетово | 69 | 87,34% |
| Општина Штип | 68 | 97,14% |
| ЈЗУ Општа болница Прилеп | 67 | 88,16% |
| ЈЗУ Универзитетска Клиника за гинекологија и акушерство Скопје | 67 | 100 % |
| Министерство за Финансии | 66 | 100 % |

| | | |
|---|---|---|
| Јавна установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје | 63 | 80,77% |
| АД МЕПСО | 61 | 98,39% |
| ЈП Македонски шуми п.о - Скопје | 60 | 100 % |
| ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Македонија Скопје | 60 | 98,36% |
| Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје | 60 | 93,75% |
| Општина Пробиштип | 59 | 96,72% |
| ЈКП Водовод Битола | 59 | 100 % |
| ЈКП Водовод и канализација - Прилеп | 59 | 100 % |
| Општина Аеродром | 58 | 76,32% |
| Општина Гази Баба | 57 | 100 % |
| ФОД ДООЕЛ Новаци АД ЕЛЕМ Скопје | 56 | 90,32% |
| Општина Ѓорче Петров | 56 | 91,80% |
| Клиника за кардиологија - Скопје | 55 | 100 % |
| Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија | 54 | 93,10% |
| Општина Кисела Вода | 54 | 100 % |

*Надминат е прагот за задолжително спроведување на електронските постапки. 13.613 односно дури 79,18% од вкупниот број на постапки се воделе електронски. Во 2016 година овој процент е 48,27%.*

*Бирото за јавни набавки има клучна улога во спроведувањето на ваквата владина политика*

Вкупниот број на електронски постапки спроведени преку ЕСЈН во 2017 година изнесува 13.613. Бројот на спроведени постапки е значително поголем во однос на 2016 година и е најголемиот број на постапки со електронски средства до сега, но треба да се има предвид законската обврска за задолжително спроведување на постапките по електронски пат.

И покрај позитивниот тренд и општиот заклучок за исполнетост на законската обврска во спроведувањето на постапките по електронски пат, сепак голем е бројот на договорни органи кои не го постигнале прагот од 50% спроведени е-постапки, меѓу кои и следниве:

Табела 7.29

| Листа на договорни органи со помалку од 50% спроведени е-постапки | | | |
|---|---|---|---|
| **Договорен орган** | **Вкупно спроведени постапки** | **Број на спроведени е-постапки** | **Процент на исполнување на законската обврска** |
| Министерство за одбрана - сектор за логистика | 196 | 29 | 14,80% |
| Општина Гостивар | 34 | 12 | 35,29% |
| ЈП Македонска радиодифузија | 27 | 8 | 29,63% |
| АД Градски Трговски Центар | 59 | 6 | 10,17% |
| Јавна установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско | 15 | 5 | 33,33% |
| Општина Пласница | 15 | 5 | 33,33% |
| Општина Липково | 15 | 5 | 33,33% |
| КПУ - Затвор - Тетово | 12 | 4 | 33,33% |
| Општина Желино | 12 | 3 | 25% |
| ЕЛС Кратово | 21 | 3 | 14,29% |
| ГА-МА АД - Скопје | 15 | 3 | 20% |
| ЈЗУ Институт за физикална медицина и рехабилитација - Скопје | 29 | 3 | 10,34% |
| СУГС„Браќа Миладиновци„ - Скопје | 13 | 2 | 15,38% |
| ЦСНО Здравко Чочковски - Дебар | 11 | 1 | 9,09% |

Исто така, 202 договорни органи или скоро 19% не спровеле ниту една електронска постапка. Во табелата 7.30 е листа на дел од договорните органи кои не спровеле ниту една електронска постапка. Повеќето од нив се помали договорни органи, кои спроведуваат многу мал број постапки на годишно ниво, но меѓу нив се и некои поголеми институции.

Табела 7.30

| Листа на договорни органи со ниту една спроведена е-постапка[12] | |
|---|---|
| **Договорен орган** | **Број на објавени огласи** |
| Општина Куманово | 48 |
| М-НАВ АД Скопје | 47 |
| Општина Илинден | 31 |
| ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД – ОХРИД | 28 |
| ЈЗУ Здравствен дом Куманово | 22 |
| Центар за управување со кризи | 148 |
| ФЛОРАКОМ ДООЕЛ Скопје | 17 |
| НУ Завод и Музеј – Битола | 17 |
| Министерство за култура | 17 |
| Државен завод за статистика | 17 |
| ОЈУ ЗООЛОШКА ГРАДИНА | 16 |
| ЈПКД „МАВРОВО" - М.Анови | 16 |
| Општина Боговиње | 16 |
| Општина Врапчиште | 15 |
| Универзитет во Тетово | 15 |
| Секретаријат за спроведување на Рамковниот Договор Скопје | 13 |

Од вкупно 1.438 договорни органи, во 2017 година 339 не објавиле ниту еден оглас за доделување на договор за јавна набавка.

Во графикон бр. 7.22 дадена е споредба на спроведените постапки на годишно ниво.

12 Листата на договорни органи е по вкупен број на спроведени постапки во опаѓачки редослед

Графикон 7.22




Од статистичките податоци за објавени постапки за јавни набавки со користење на е-средства, можеме да констатираме дека по стапувањето на сила на законските одредби за задолжителни е-набавки, не само што е постигнат туку е и надминат предвидениот процент. Во 2016 година 48,27% од постапките се воделе по електронски пат, додека во 2017 година тој процент е зголемен на 79,18%. Податок кој е од посебно значење кој произлегува од споредбените анализи на постапките кои се спроведуваат по електронски пат и оние кои се спроведуваат со користење на традиционалната „хартиена форма”, е просечното времетраење на постапките. Имено, според податоците со кои располага Бирото, за постапките кои се спроведуваат по електронски пат просечното времетраење е значително пократко од времето потребно кај постапките кои се спроведуваат во хартија. За споредба, во табела 7.31 се претставени просечните времетраења на постапките спроведени во хартија наспроти постапките спроведени со електронски средства.

Табела 7.31

| Просечно времетраење на постапките по вид на постпка | | |
|---|---|---|
| **Вид на постапка** | **Хартија** | **Електронски средства** |
| Постапка со барање за прибирање до 5.000 евра | 19 | 14 |
| Постапка со барање за прибирање до 20.000 евра | 21 | 17 |
| Отворена постапка | 49 | 22 |

Просечниот број на поднесени понуди во 2017 година повторно е поголем кај електронските постапки во споредба со хартиените, како и во 2016 година. Имено, во постапките кои се спроведуваат целосно преку ЕСЈН, просечниот број на поднесени понуди е 3,62 понуди по постапка, додека кај постапките во хартија е 2,35 понуди во просек. Од овој податок може да се заклучи дека употреба на електронските средства во јавните набавки не само што не претставува лимитирачки фактор за економските оператори да учествуваат во постапките, туку и воопшто го охрабрува трендот за е-набавки. Една од позначајните забелешки кои договорните органи ја потенцираат како можна реперкусија од воведувањето на задолжителни е-набавки е токму стравот од намалена конкуренција.

Понудувачи - Економски оператори кои учествувале на значителен број на електронски постапки се:

1. ДАУТИ КОМЕРЦ Друштво за производство, промет и услуги увоз-извоз АД с.Бојане општина Сарај, со 539 учества ;
2. МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, со 480 учества;
3. Друштво за производство, промет и услуги ОФИС ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со 409 учества;
4. Друштво за производство,трговија и услуги ЕКОС ДООЕЛ увоз-извоз Тетово, со 402 учества;
5. Друштво за промет и услуги БИОТЕК ДОО експорт-импорт Скопје, со 385 учества;

6. Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница Пласница, со 369 учества;
7. Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА Скопје, со 360 учества;
8. Трговско друштво за вработување на инвалидни лица-заштитно друштво за производство,трговија и услуги ФИЛАДЕЛФИЈА ДООЕЛ Кочани, со 351 учество;
9. Друштво за производство, трговија на големо и мало и услуги МАР-САЖ Ташко ДООЕЛ извоз-увоз Скопје, со 328 учества;
10. Друштво за трговија и услуги МИАДОР ДОО Скопје, со 324 учества;
11. Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје, со 321 учество;
12. Акционерско друштво за производство на лекови, медицинска опрема и материјал, промет и услуги Д-Р ПАНОВСКИ Скопје, со 308 учества;
13. Друштво за внатрешна и надворешна трговија ТОЗ-МК ДОО Скопје, со 278 учества;
14. Акционерско друштво ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ Скопје, со 266 учества;
15. Друштво за промет и услуги АЛКАЛОИД КОНС увоз извоз ДООЕЛ Скопје, со 260 учества;

Направената анализа на временскиот период кога се поднесуваат понудите преку ЕСЈН покажува дека економските оператори најчесто понудите ги поднсуваат од 1 до 5 дена пред истекот на крајниот рок на огласот и 1 до 2 часа пред крајниот рок за поднсување на понудата. Имено, повеќе од половина од поднесените понуди (24.329 понуди) се поднесени во последните 24 часа, додека 23.136 понуди се поднесени во периодот од 1 до над 30 дена пред истекот на крајниот рок на огласот. Подетални информации се дадени во графикон 7.23 и табела 7.32 .

Графикон 7.23




Табела 7.32

| Временски период пред истек на краен рок | Број на поднесени понуди |
|---|---|
| над 31 ден | 51 |
| од 16 до 31 дена | 528 |
| од 6 до 15 дена | 5.300 |
| од 1 до 5 дена | 17.257 |
| од 13 до 24 часа | 9.167 |
| од 7 до 12 часа | 1.257 |
| од 3 до 6 часа | 3.520 |
| од 1 до 2 часа | 10.190 |
| од 31 минута до 1 час | 6 |
| од 16 до 30 минути | 71 |
| од 6 до 15 минути | 72 |
| до 5 минути | 46 |
| **Вкупно** | **47.465** |

## 7.7. Електронски аукции

Електронските аукции и во 2017 година задолжително се спроведуваа во 100% од објавените огласи. Задолжителното спроведување на аукциите од 2012 година успешно се реализира од страна на договорните органи, а Бирото за јавни набавки во целост ја спроведе својата законска надлежност за контрола на спроведувањето е-аукции и имплементираше одредени автоматизирани контролни процеси во Електронскиот систем кој оневозможуваат избегнување на примената на е-аукции, освен во случаи кои се дозволени со законот.

Како и минатата година, може да се заклучи дека е постигнат процентот задолжителни е-аукции, а Бирото има клучна улога во спроведувањето на ваквата владина политика.

Во понатамашниот дел од извештајот ќе бидат презентирани податоци од спроведениете е-аукции и поднесувања на конечни цени во 2017 година. Согласно Законот за јавни набавки, почнувајќи од 01.01.2014 година, за постапките каде има само една понуда или има една прифатлива понуда, договорниот орган задолжително го поканува единствениот понудувач да поднесе конечна цена преку ЕСЈН. Согласно овие измени, во системот е овозможен модул преку кој единствениот понудувач има можност да ја намали првично поднесената цена, па во натамошните анализи во овој, како и во минатогодишниот извештај ќе бидат претставени податоците и по основ на спроведени поднесувања на конечни цени.

Бројот на објавени огласи за постапки кои ќе завршат со електронска аукција како последна фаза во електронски постапки или во постапки кои претходно биле спроведени во хартиена форма, во 2017 година изнесува 17.188. Од оваа бројка може да се констатира дека во 2017 година 99,92% од објавените огласи се со спроведување на електронска аукција како последна фаза од постапката. Останатите огласи спаѓаат во рамки на исклучокот од примена на е-аукциите од членот 123 од Законот за јавните набавки и тие не се земаат предвид при пресметката на процентот на постапки кои задолжително треба да завршат со е-аукција. Но дури и да се земат предвид, може да се забележи дека нивниот број е незначителен и изнесува само 14 огласи за доделување на договор.

Графикон 7.24




*Бројот на објавени огласи за постапки кои завршуваат со електронска аукција во 2017 година изнесува* ***17.188***

Во графиконот се претставени вкупно објавените огласи за кои е предвидено дека ќе завршат со електронска аукција, но треба да се има во предвид дека за дел од постапките или деловите на постапките поднесена е само една прифатлива понуда, па според тоа тие постапки/делови завршиле со поднесување на конечна цена. Подетални анализи ќе бидат претставени во понатамошниот дел од извештајот.

*Во 2017 година на ЕСЈН се спроведени 43.652 аукции или просечно по 166 аукции дневно, и 29.441 поднесувања на конечна цена (112 поднесувања дневно) работни денови*

Значаен податок кој дава слика на обемот на користењето на самиот ЕСЈН, е и бројот на спроведени аукции на Електронскиот систем за јавни набавки. Во 2017 година се спроведени 43.652 аукции или просечно по 166 аукции дневно. Оваа бројка се надополнува со спроведени поднесувања на конечна цена. Имено во 2017 година преку ЕСЈН се спроведени вкупно 29.441 поднесувања на конечна цена, или просечно по 112 поднесувања на конечна цена дневно.

### 7.7.1. Ефекти од спроведувањето на електронските аукции и електронските јавни набавки

Од досегашните искуства во јавните набавки што ги анализира Бирото, најголемиот ефект кој што се постигнува со спроведувањето на електронските аукции е остварувањето на

заштеди. Притоа, Бирото, остварените заштеди преку аукциите ги пресметува на следниов начин:

*Во текот на 2017 година може да се увиди дека е остварена просечна заштеда од 24,7% или апсолутна заштеда од 3.298.649.785 денари*

a) кога критериум за доделување на договорот е ***најниска цена*** – заштедата се смета како разлика помеѓу почетната цена на е-аукцијата (најниската цена од сите понуди кои се претходно евалуирани и прифатени за учество во електронската аукција) и крајната цена постигната на е-аукцијата односно вредноста на склучениот договор
b) кога критерум за доделување на договорот е ***економски најповолна понуда*** - сметано како разликата од сопствената почетна цена и цената по аукцијата на понудувачот со најповолна понуда.

Во текот на 2017 година од податоците за спроведени аукции, може да се увиди дека е остварена просечна заштеда од 24,70% или апсолутна заштеда од 3.298.649.785 денари (или преку 53 милиони евра). Притоа, тука треба да се истакне дека како вкупна вредност заштедите се дури и поголеми, бидејќи во горенаведената вредност се вкалкулирани и аукции кои се воделе по единечна цена, па кога таа вредност ќе се претстави како вкупна вредност на договорот заштедите имаат поголема вкупна вредност. Кога на овие заштеди ќе се додадат и заштедите остварени по поднесувања на конечна цена, во апсолутен износ од 481.076.828 денари (во процентуален износ од 12,7%) вкупната заштеда изнесува преку 61 милион евра.

Од анализите кои ги прави Бирото може да се заклучи дека за разлика од претходните години кога обемот на заштедите и како вкупна вредност и како процент беше во константен пораст, во 2017 година има опаѓање на вредноста на заштедите во апсолутен износ, но процентуално се на скоро исто ниво како и во 2016 година. Вредностите на заштедите кај спроведените аукции во последните три години се дадени во табела бр. 7.33. Вкупниот обем на заштеди преку спроведени аукции е од постапки каде што критериум е најниска цена.

Во 2017 година објавени се само 3 постапки со користење на критериумот економски најповолна понуда.

Графикон 7.25




Табела 7.33

| Вкупна вредност на остварени заштеди преку употреба на електронските аукции | |
|---|---|
| **2017 година** | 3.298.649.785 ден. |
| **2016 година** | 5.297.521.340 ден. |
| **2015 година** | 4.339.156.061 ден. |

*Од податоците за 2017 година и досегашната пракса може да се констатира дека поднесувањето на конечна цена како алатка не ги дава ниту приближно резултатите кои се добиваат со спроведувањето на аукциите, односно кога постои конкуренција на постапките*

Од прибраните податоци се забележува намалување во обемот на остварените заштеди во 2017 година во споредба со изминатите години.

Од досегашните анализи и повеќегодишни искуства во однос на ефектите од е-аукциите и заштедите кои произлегуваат од нивната примена, значително е да се спомене дека се поголем фактор кој придонесува за зголемување на обемот на заштедите е ПОДНЕСУВАЊЕТО НА НЕРЕАЛНО ВИСОКИ ЦЕНИ на иницијалните понуди кај некои видови постапки. Овие анализи и заклучоци се споменати и во нацрт стратегијата за развој на Електронскиот систем за јавни набавки.

Во понатамошниот развој на системот за јавни набавки, земајќи ги во предвид ефектите од досегашното задолжително спроведување на е-аукциите, како и потребата од усогласување на

Законот за јавни набавки со новите Директиви на ЕУ, во Закон за јавни набавки кој е во фаза на изработка, се предвидува опционално користење на е-аукциите.

Во поглед на заштедите кои се остварени по поднесени конечни цени од страна на понудувачите, се забележува незначителен процент на заштеда (2,36%) од првично понудената цена од страна на единствениот понудувач. Во споредба со минатата година, овој процент е намален, но веќе четврта година по воведувањето на задолжителното објавување на проценетата вредност, се забележува состојба на плафонирање на цените до износот на проценетата вредност, посебно кај специфичните предмети на набавка за кои нема конкуренција на пазарот. Тука е вредно да се напомене дека заштедите остварени преку механизмот – конечна цена учествуваат со приближно 12,7 % во вкупниот обем на остварени заштеди (овој процент во 2016 година беше 12%). Ако овој податок го спoредиме со бројот на огласи кои што завршиле со спроведување на конечна цена – 38% од објавените огласи, тогаш може да се заклучи дека во поглед на обемот на заштедите и процентот на заштедите, поднесувањето на конечна цена не ги дава ниту приближно резултатите кои се добиваат со спроведувањето на аукциите, туку најчесто понудувачите ги намалуваат своите цени сам за да влезат во рамката на проценетата вредност (приближно на исто ниво колку што изнесува проценетата вредност).

Во поглед на заштедите од аукции кои се остварени во однос на различните постапки, по критериум за доделување на договор најниска цена податоците се дадени во следната табела:

Табела 7.34

| Вид на постапка | Вкупна вредност на заштеди | Процент на заштеда |
|---|---|---|
| Постапка со барање за прибирање до 5.000 евра | 225.112.823ден. | 29% |
| Постапка со барање за прибирање на понуди до 20.000 евра | 435.812.242ден. | 24,97% |
| Отворена постапка | 2.637.724.719 ден. | 22,66% |

Во 2017 година, останува истиот тренд – поголеми заштеди се остваруваат кај постапките со повисоки вредносни прагови. Имено, 80% од вкупната вредност на заштедите се остварени кај аукциите кои се спровеле кај отворените постапки (уделот на отворените постапки во вкупниот број на објавени огласи е приближно четвртина од огласите). Кај постапките со барање за прибирање на понуди забележуваме повисок процент на заштеди во споредба со 2016 година, но намалувањето на заштедите во апсолутен износ во 2017 е најизразено кај отворените постапки.

*Најголем обем на заштеди се остваруваат кај аукциите кои се спроведуваат како последна фаза во отворена постапка*

Како што е случај со постапките и заштедите по спроведени аукции, и кај заштедите кои се остварени по основ на поднесување на конечна цена- најголем процент (83%) се забележува кај отворените постапки.

Во однос на заштедите од аукции по вид на набавка, односно тип на стоката, услугата или работите кои се набавуваат, позначајни податоци се дадени во следната табела:

Табела 7.35

| Дејност/сектор | Процент на заштеда |
|---|---|
| **Информатички и телекомуникациски производи и услуги** | 30,79% |
| **Потрошен и канцелариски материјал и печатарски/издавачки услуги** | 30,70% |
| **Градежни работи, работи поврзани со животната средина, комунални услуги, ХТЗ опрема/производи и останати поврзани стоки/услуги** | 26,40% |
| **Индустриски и рударски машини, опрема, нивно одржување, резервни делови и поврзани стоки/услуги/работи** | 25,55% |
| **Основни средства** | 23,96% |

Слично како и минатата година, најголемите заштеди во просек се постигнуваат во секторите каде што се нудат стандардизирани стоки и услуги, и каде што постои конкуренција на пазарот. Како што може да се види од табелата, кај овие сектори во просек се остваруваат заштеди над 20%, а кај некои сектори и над 30%. Тука под конкуренција на пазарот се подразбира дека поголем број на конкурентски понудувачи

учествуваат со свои понуди на постапките за доделување на договори за јавни набавки. Притоа, треба да се напомене дека иако во даден сектор може да постои конкуренција на пазарот, доколку компаниите не учествуваат со свои понуди, на постапките за доделување на договор за јавна набавка нема да постои реална конкуренција и аукциите нема да го дадат очекуваниот позитивен ефект. Исто така продолжува зголемување на трендот на заштеди во секторот – градежни работи, додека во секторите за набавка на услуги (финансиски 38,22%, образовни, правни, советодавни, маркетинг услуги и услуги за привремено вработување 32,67 % и сл.), каде што е спроведена аукција. Поради тоа што во вкупниот обем на заштеди, овој вид не претставува значајна ставка, не е прикажан во табелата.

*Во 2017 година во 62% од објавените огласи била спроведена електронска аукција додека 38% завршиле со поднесување на конечна цена*

Во 2017 година, од вкупниот број на објавени огласи за доделување на договор за јавна набавка за постапки кои ќе завршат со е-аукција, во 62% од нив има најмалку две прифатливи понуди и спроведени се аукции, за 38% од нив е спроведено поднесување на конечна цена. Овој однос е претставен во графикон 7.26. Од овој податок се гледа значително голем удел на постапките/ деловите од постапки кои завршиле со поднесување на конечна цена во вкупниот број на огласи/делови за кои има склучено договори.

*Во 77% од закажаните аукции имало намалување на првично поднесената цена*

Податок кој што е доста позитивен во однос на користењето на електронските аукции и учеството на понудувачите е процентот на аукции каде што имало намалување на првичната цена. Од закажаните и спроведени аукции на системот, кај **77%** од нив има намалување на првичната цена. Во 2017 година од вкупно 29.441 закажани поднесувања на конечна цена, на 24.213 не било поднесено намалување или во 82% од случаите немало намалување на цената.

*Во 82% од поднесувањата на конечна цена, понудувачите НЕ ја намалиле цената*

Просечниот број на намалувања на цената при спроведувањето на аукциите во 2017 година изнесува околу 21 намалување на цената, исто како и во 2016 година.

Графикон 7.26




Графикон 7.27




*На 23.06.2017 година спроведени најмногу акции во еден ден – 824 аукции*

Просечното времетраење на една аукција изнесува дваесет и девет минути (вклучувајќи ги и продолжувањата по 3 минути доколку во последните 3 минути е поднесена нова намалена цена). Најголем број на закажани аукции во еден ден на ЕСЈН во текот на 2017 година е 23 јуни со 824 закажани и спроведени аукции, поголем број во споредба со 2016 година кога најголем број на закажани аукции во еден ден беше 693.

Графикон 7.28




Графикон 7.29




## 7.8. Конкуренција кај јавните набавки

Од направените анализи на податоците со кои располага Бирото за јавни набавки од аспект на конкуренцијата во јавните набавки, во прилог се некои позначајни податоци за бројот на понудите по постапка, вид на договор, како и врз основа на тоа како е водена постапката (во хартиена форма или по електронски пат).

*Во постапките кои се спроведуваат целосно преку ЕСЈН, просечниот број на поднесени понуди е поголем во споредба со хартиените постапки*

Треба да се има во предвид дека податоците се добиваат од базата на податоци на ЕСЈН, при што во делот на понудите од постапки водени по електронски пат - системот автоматски ја дава бројката на поднесени понуди, додека кај постапките водени во хартија – податоците се преземени од формите кои договорните органи ги пополнуваат при евиденција на склучените договори, па оттаму веродостојноста на овие податоци во голема мера зависи од точноста на внесените податоци од страна на институциите.

Во постапките кои се спроведуваат целосно преку ЕСЈН, просечниот број на поднесени понуди е 3,62 понуди по постапка, додека кај постапките во хартија е 2,35 понуди во просек.

Просекот од поднесените понуди кај постапките за доделување на договор (вклучително и електронски и хартиени) е прикажан во табелите подолу:

Табела 7.36

| Постапка | Просечен број на понуди |
|---|---|
| Барање за прибирање на понуди до 5.000 евра | 2,78 |
| Барање за прибирање на понуди до 20.000 евра | 3,54 |
| Отворена постапка | 4,42 |
| Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас | 2,80 |
| Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас | 1,49 |
| Доделување на договор за јавна набавка за категорија на услуги 17- 27 | 2,23 |
| Квалификациски систем | 3,43 |
| Вкупно - просек од сите постапки | 3,33 |

Табела 7.37

| Вид на договор | Просечен број на понуди |
|---|---|
| Стоки | 3,63 |
| Услуги | 2,79 |
| Работи | 4,12 |

За пресметување на просечниот број на поднесени понуди, од 2016 година воведена е нова современа методологија и подобрена е статистичката обработка на податоците при што во пресметката на вкупниот просек се земаат во предвид поднесените понуди од сите постапки каде имало понуди.

Сепак, и оваа година точноста и на овие статистички податоци во голема мера зависи од правилното внесување на податоците од страна на договорните органи при пополнувањето на известувањата на склучени договори за хартиените постапки.

# 8. Анализа на ефектите од е-Набавките и е-Аукциите

## 8.1. Задолжителни е-набавки - очекувани и остварени ефекти

Во изминатите години, во годишните извештаи неколкукратно се потенцираше позитивниот аспект од спроведувањето на постапките за јавни набавки целосно по електронски пат, а беа истакнати и заложбите на Бирото за јавни набавки во контекст на унапредување на легислативата во насока на следење на европските трендови за задолжителни е-набавки.

Со измените на Законот за јавни набавки (Сл. весник на РМ бр.78/15) воведени се задолжителни електронски јавни набавки прогресивно во распон од три години. Договорните органи се должни да ги спроведуваат отворените постапки, ограничените постапки и постапките со барање за прибирање на понуди со користење електронски средства преку ЕСЈН, и тоа:

- во најмалку 30% од објавените огласи од 1 јануари 2016 година,
- во најмалку 50% од објавените огласи од 1 јануари 2017 година,
- во 100% од објавените огласи од 1 јануари 2018 година.

Законската одредба за задолжително спроведување на постапките за доделување договори за јавни набавки со користење електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки, започна во 2016 година, и како што може да се согледа од анализираните податоци за 2016 и 2017 година, договорните органи во голема мера го прифатија ова решение увидувајќи ги придобивките од е-набавките. Задолжителните е-набавки придонесоа за модернизација и подобрување на системот на јавни набавки со цел зголемување на неговата ефикасност и функционалност.

Новите Директиви за јавни набавки кои кон крајот на март 2014 година, беа објавени во Службеното гласило на ЕУ, јасно ги препознаваа е-набавките како клучен фактор во зголемувањето на ефикасноста и обезбедувањето транспарентност, па поради тоа акцент се става на спроведувањето на постапки за јавни набавки со користење на електронски средства. Според новите директиви на ЕУ, се предвидува задолжително електронско поднесување на понудите (e-submission) за огласите објавени од сите договорни органи до септември 2018 година.

Воведувањето на оваа законска одредба и нејзината успешна имплементација е во фокусот на развојната стратегија на ЕСЈН. Спроведувањето на постапките по електронски пат има низа предности и придобивки, а со е-набавките се постигнуваат повеќе цели меѓу кои најзначајни се:

- ефикасност во јавниот сектор - заштеди на време и средства во постапките за доделување на договори и подобрување во поглед на раководењето и имплементацијата на доделените договори;
- зголемување на транспарентноста и фер конкуренцијата во постапките на доделување на договори за јавни набавки;
- подобро мониторирање и ревизија на договорите и оттука поголема сообразност со правилата и политиките, со што се минимизира корупцијата и злоупотребите;
- зајакнување на конкуренцијата со подобрување на пристап до пазарот на јавниот сектор и подобри можности за прекугранична трговија;
- подобрена и побрза комуникација помеѓу договорните органи и економските оператори и
- унификација и стандардизација на чекорите кои се преземаат при спроведување на одредени видови на постапки за јавни набавки.

## 8.2. Анализа на ефектите од спроведувањето на електронските аукции

*Аукциите ги даваат очекуваните резултати кога се набавуваат стандардизирани стоки и услуги, со добро дефинирани технички спецификации и кога се користат на пазар со висок степен на конкуренција*

Според анализите направени од страна на Бирото за јавни набавки, од досегашното повеќегодишно искуство, може да се констатира дека ефектите од спроведувањето на електронските аукции не се секогаш онакви какви што беа според првичните проценки и очекувања. Имено, од нивното спроведување има и позитивни но има и некои негативни ефекти. Бирото за јавни набавки останува на препораките и заклучоците кои беа анализирани во извештаите во изминатите три години, каде беа претставени главните карактеристики и трендови кои важат за електронските аукции, како и случаи каде аукциите не даваат најдобар резултат. Меѓу другото, како главни недостатоци беа констатирани следниве: аукциите ги даваат очекуваните резултати кога се набавуваат стандардизирани стоки и услуги, со добро дефинирани технички спецификации и кога се користат на пазар со висок степен на конкуренција; не сите предмети на набавка се погодни да одат на аукција; вистински ефект на заштеди кај набавките со поголема вредност; нереално зголемување на цените во фазата пред аукцијата; шпекулативни акции во однос на цената итн. Од статистичките податоци со кои располага Бирото, се зголемува бројот на постапки за кои нема услови за спроведување на аукција преку ЕСЈН, односно во делот од понудата кој е предмет на е-аукција се понудува цена од 0,01 денар. Исто така, Законот за јавни набавки во делот на задолжителното спроведување на електронските аукции не предвидува исклучок за постапките за јавни набавки на услуги за кои согласно друга регулатива има определено фиксни односно регулирани цени на пазарот.

Како генерална констатација од досегашното искуство може да се заклучи дека аукциите технички можат да се прават за сите набавки, но не ги даваат резултатите и не ја оправдуваат

целта на нивното постоење доколку се употребуваат во 100% од набавките. Затоа плановите и предлозите на Бирото се во насока на:

- опционални е-аукции;
- опционално објавување на проценетата вредност на набавката, само во случаи на буџетски ограничувања;
- укинување на поднесување на конечна цена, поради нецелисходноста и малите ефекти кои ги дава во практика.

# 9. Предлози за унапредување на системот на јавните набавки

Врз основа на податоците од контакт центарот, контакт формата и веб страната, обуките, анализата на статистичките податоци и од другите добиени информации до кои доаѓа Бирото за јавни набавки за функционирањето на системот за јавни набавки, а имајќи ги Директивите на ЕУ

Бирото ги дава следниве предлози за унапредување на системот на јавните набавки во Република Македонија:

- Имплементирање на препораките на Државниот завод за ревизија од извештајот за извршена ревизија на успешност на системот на јавните набавки, како и препораките на СИГМА и на Европската комисија;
- Континуирано следење на новите иницијативи и регулативи на ЕУ во областа на јавните набавки и усогласување на националната правна рамка;
- Натамошно интегрирање на концесиите и ЈПП во системот на јавните набавки согласно пристапот во ЕУ;
- Подобрување на контролата во постапките за доделување договори за јавни набавки преку жалбената постапка и одредени механизми на ex-ante контрола;
- Користење електронски средства при жалбената постапка и постапката пред Управниот суд;
- Зајакнување на капацитетите на БЈН преку унапредување и стручни обуки на постојано вработените;
- Зголемување на транспарентноста и отчетноста на договорните органи преку прикачување на склучените договори за јавни набавки;
- Зголемување на транспарентноста преку воведување на е-план за јавни набавки;
- Подобрување на управувањето со договорите за јавни набавки;

- Воведување Академија за едукација за јавни набавки со цел натамошна професионализација на функцијата јавни набавки;
- Олеснување на начинот на пријавување коруптивни практики кај Државната комисија за спречување на корупцијата и Комисијата за заштита на конкуренција;
- Воведување нови алатки во ЕСЈН како што се „црвени знаменца“ со кои ќе се мониторира ризикот и ќе се влијае врз намалувањето на корупцијата.